Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Градец, кое е предмет на анализа има евидентиран недвижен споменик на културата (Експертен елаборат):

1. Црква Св. Никола ,Градец,1858 година;

Во Археолошката карта на Република Македонија[1], која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите

[1] **МАНУ Скопје, 1996г.**

времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина Градец нема евидентирани археолошки локалитети.

Според Просторниот план на Р.Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на РС Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Државата се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Кратовско - Кривопаланечкиот туристички регион со утврдени 2 туристички зони и 7 туристички локалитети и низ неа минува транзитен коридор.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.**

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

При изработка на планската документација од областа на заштитата и спасувањето задолжително да се применуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, а се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **Крива Паланка.**

Да се почитуваат одредбите од Законот за пожарникарството, во кои се регулира дејствувањето на територијалните противпожарни единици при гаснењето на големи пожари на целата територија на Републиката.

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се **поплавите**, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на **поплави** првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од поројните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Согласно Просторниот План на Република Македонија, локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка се наоѓа во потенцијална зона на свлечишта.

Свлечиштата, претставуваат доминантен колатерален хазард на кои, територијата на Државата, а со тоа и предметната локација, може да бидат изложени во сеизмички услови. Од геотехнички аспект, овие хазарди се релативно плитки феномени кои настануваат во случај кога динамичката јакост на

површинските почвени материјали е надмината, или во случај на пореметување на лабилните стенски блокови и изолирани карпи.

Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот МАРС на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за

кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија:

- Просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка, во рамките на планскиот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.
- На просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани КО Градец, Општина Крива Паланка ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се проценуваат како малку значајни, имајќи го во предвид фактот површинските соларни и фотоволтаични електрани не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Мерки за заштита од влијанија врз животната средина се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Поради потребата од зголемена површина на земјиште за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Предметниот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.

- Во експлоатационият период не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.
- На просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на планска документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- **мрежата на инфраструктура;**
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6606, КП 6634, КП 6603 и КП 6586, КО Градец, Општина Крива Паланка. Површината на предвидениот опфат изнесува 6 ha, со планирана моќност над 1MW.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на документацијата за предметниот простор треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија:

Економски основи на просторниот развој

- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.**
- **Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани , КО Градец, Општина Крива Паланка ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).**
- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.**
- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско

користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

– Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерно. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. Поради морфолошката, хидрогеолошката и хидрографската структура на просторот врнежите брзо се концентрираат во речната мрежа и истекуваат. Површинското истекување за сливните подрачја во Републиката има вредност од 26,2 л/сек/км^2 за реката Радика до 3,1 л/сек/км^2 за сливот на реката Струмица. За сливот на реката Пчиња, каде се наоѓа предметниот опфат, кај водомерниот профил „Пелинце" површинското истекување изнесува 8,5 л/сек/км^2, кај в.п. „Трновец" 6,8 л/сек/км^2 и кај в.п. „Катлановска Бања" 4,5 л/сек/км^2. Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани со кои ќе се користи сончевата енергија, како обновлив ресурс, за производство на електрична енергија, во подрачје кое е сиромашно со вода, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Енергетика и енергетска инфраструктура

– **Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.**
– Поставувањето на **површински соларни и фотоволтаични електрани** од обновливи извори на енергија ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стаклени гасови.
– **Трасата на постојниот магистрален гасовод и трасата на планираниот Нафтовод АМБО, минуваат низ дел од локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка. При изработка на урбанистичката и проектната документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници од релевантната област.**

Урбанизација и мрежа на населби

– **Иницијативата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.**

Домување

– **Иницијативата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

Јавни функции

– **Иницијативата за површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

– **Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување на просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.**
– **Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.**

Сообраќајна инфраструктура

– **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**
– **А2** - Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан;
– **Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р2" и е со ознака:**
– **Р2245** – Крива Паланка (врска со А2) – Осиче – Огут – гр со Р. Србија;
– **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на Сообраќајот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата за површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи**.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на поставувањето и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор,

потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство на подрачјето на катастарската општина Градец има евидентиран еден недвижен споменик на културата.**
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Кратовско - Кривопаланечки туристички регион со утврдени 2 туристички зони и 7 туристички локалитети и низ неа минува транзитен коридор.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Согласно Просторниот План на Република Македонија, локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка се наоѓа во потенцијална зона на свлечишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.**
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на

нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

– **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион

Центар на микрорегион

Центри на просторно-функционални единици

Управа

Просторно-функц. единици

Граници на влијанија на макрорегион. центри

Општински центар

Образование

Средно Вишо Високо

Здравствена заштита

2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој

источна

југна

север-југ

северна

западна

Слободна економ.зона

Автопат

Магистрален пат

Регионален пат

Железничка мрежа

Воздухоплов. пристан.

Стопански аеродром

Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

ИЗВОД ОД СОСЕДНА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Број: 29-2331/2 од 29.04.2026 год.

Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животната средина и комунална инфраструктура
Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

ИЗВОД ОД УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8MB) на КП5680, 5682, 5683, 5684, 5685, 5686, 5687, 5688, 5689, 5701, 5703, 5715, 5716, 5719 и 5720 КО Градец
Потврда: бр.29-511/15 од 10.03.2023 година
Намена на градба : Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8-трафостаница
баран опфат на соседен УП
КО Градец,
ДЛ бр. / Размер: М=1:1000

ИЗВОД ЗА : баран опфат на соседен УП
со намена: Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8-трафостаница
КО Градец

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ**
   - Заверена копија од урбанистичко решение во идентична форма со граница на градежната парцела, дел од планот или на целиот плански опфат за кој се однесува барањето за извод со :
   - легенда
   - намена на површината
   - сообраќаен план, нивелациски план, план за инфрастуктура
   - синтезен план
   - табела со нумерички показатели
   - по потреба заверена копија од други графички прилози со легенда:
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**
   - Заверена копија од општите и посебните услови за просторен развој и за спроведување на планот, нумерички податоци за услови за планирање на просторот (услови за градење, параметри за спроведување на планот, мерки за заштита на културното наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и др.).
   - По потреба и други услови.....нема
3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Општина Крива Паланка
Одделение за урбанизам
и заштита на животна средина
Раководител,
диа Маја Костадиновска

Изготвил
Советник
диа Иван Велиновски

☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

дооел НИМАЕР д.е. СКОПЈЕ

ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0019

НАРАЧАТЕЛ:
СОЛАР ТИН ДООЕЛ КРИВА ПАЛАНКА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ПОСТАВЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕ (СО МОЌНОСТ ОД 8МВ), К.О.ГРАДЕЦ, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
БЛАГОЈА РАДЕВСКИ, д.и.а. Овластување бр. 0.0104

СОРАБОТНИЦИ:	МАРИЈА РАДЕВСКА БЕРОСКА м.и.а.
	ДУШАН БЕРОСКИ д.г.и.
	МАРГАРИТА БОБАРОВСКА м.и.а.
УПРАВИТЕЛ:	БЛАГОЈА РАДЕВСКИ дипл

ТЕХ.БРОЈ:	МЕСТО:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЛИСТ БРОЈ:
03-345/22	СКОПЈЕ	ЈАНУАРИ 2023	1:1000	01

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ /
ТРГОВСКО ДРУшТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

Ленд Кад Инжињеринг Доо Скопје
(назив)

К.О Градец

Графички прилог - Скица од извршено премерување




T133 T132 T131 T130 T129 T128 T127 T126 T125 T124 T123 T122 T121 T120 T119 T118 T117 T116 T115 T114 T113 T112 T111 T110 T109 T108 T107 T106 T105 T104 T103 T102 T101 T100 T99 T98 T97 T96 T95 T94 T93 T92 T91 T90 T89 T88 T87 T86 T85 T84 T83 T82 T81 T80 T79 T78 T77 T76 T75 T74 T73 T72 T71 T70 T69 T68 T67 T66 T65 T64 T63 T62 T60 T59 T58 T57 T56 T55 T140 T141 T142
5701 5684 5683 5691 5689 5685 5682 5688 5681 9203 9201 9202 5687 5686 5680 9205 9206 9218 9217 9221 5679 9227 9222 9219 9216 9220 9214 9226
1.1 E1.13 Hmax=5.00m
4 674 000
4 673 900
Изготвил:
дипл.геод.инж.Рената Димитрова
Име,Презиме и потпис

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ПОСТАВЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕ (СО МОЌНОСТ ОД 8MB), К.О.ГРАДЕЦ, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

М=1:1000

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ-П=91036.11м2

РЛ
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА

ГГП
ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ГЛ
ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

Hmax=5.00m
ВИСИНА НА ВЕНЕЦ

П
ВИСИНА ПО КАТОВИ

1.1
НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

1.1.1
НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПОВРШИНА

E1.13
КЛАСА НА НАМЕНА

T1
КООРДИНАТИ НА ПРЕКРШНИ ТОЧКИ

i=2.13%
L=93.50m
НИВЕЛАЦИЈА

626.30
ВИСИНСКИ КОТИ

ВЛЕЗ ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

КЛАСА НА НАМЕНА:

E1.13
E1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ

E1.8
ТРАФОСТАНИЦА

ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА:

ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА

ПРИСТАПЕН ПАТ

пресек"1-1" :

3м

ВОДОВИ НА ИНФРАСТРУКТУРА:

ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА

ЗАШТИТНА ЗОНА НА ЕЛЕКТРО-ИНСТАЛАЦИИ

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ - ПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА

нумерација на градежна парцела по УП	површина на проектен опфат (m2)	површина на градежна парцела (m2)	намена на површини	површина по намени (m2)	процент %
01	02	03	04	05	06
ГП1.1	91036.11	91036.11	Е1.13 - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ	90940.11	99.89%
			Е1.8 - ТРАФОСТАНИЦА	96.00	0.11%
			ВКУПНО	91036.11	100.00%

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА

УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка

Број на градежна парцела	Група на класа на намени	Основна класа на намени	Површина на градежна парцела м2	Број на површина за градење	Површина за градење м2	Вкупно изградена површина на сите катови м2	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност (к)	катност	максимална висина
01	02	03	04	05	06	07	08	09	10	11
1.1	Е1	Е1.13	91036.11	1.1.1	85162.20	85162.20	93.55	0.94	П	5.00 м
		Е1.8		1.1.2	24.00	24.00	0.03	0.0003		
		Е1.8		1.1.3	24.00	24.00	0.03	0.0003		
		Е1.8		1.1.4	24.00	24.00	0.03	0.0003		
		Е1.8		1.1.5	24.00	24.00	0.03	0.0003		
ВКУПНО:			91036.11		85258.20	85258.20	93.65	0.94		

М=1:1000



3. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

3.1. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка, со основна класа на намена **Е 1.13- Фотоволтаични електрани**, се изработува врз основа на членот 58, став 6 од **Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 32/20)**.

Општите и посебните одредби за градба се дел од условите од планираниот **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка.**

При изработката на овој УП, општите услови се во целост составен дел на **посебните услови на УП.**

Општи параметри за спроведување на планот:

- **Регулаторни линии** се линиски симболи што преставуваат графички плански одредби во урбанистички план со кои се вршат примарната, секундарната и терцијалната делба на градежното земјиште, како што се регулационата линија, границата на градежната парцела и градежната линија и кои служат за планирање на генералната и на деталната регулација во урбанистичкото планирање;

- **Регулационата линија** е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежното земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна градба. Регулационата линија е линија која разграничува јавно од приватно земјиште, во овој случај ја разграничува градежната парцела од пристапната улица.

- **Граница на градежна парцела** е регулаторна линија со симетрично правно дејство и просторни последици: од двете страни на вертикалната површина по која се протега просторната граница на регулацијата се наоѓа земјиште за поединечна градба чиишто носители на правото на градба имаат по правило исти и меѓусебе симетрични права што треба да гарантираат колку што може порамноправен и хармонизиран планерски третман на соседните градежни парцели.

- **Градежна парцела** е најмала единица на градежно земјиште што е оформена со урбанистички план и на кое е планирано градење на градба, при што парцелата е ограничена со регулациона линија и граници на градежната парцела и го опфаќа земјиштето под градбата и дворното место односно земјиштето за редовна употреба на градбата.

- **Градежна линија** е регулаторна линија во урбанистички план која ја определува и ограничува површината за градење во рамките на градежната парцела односно линија до која што во градежната парцела може да се планира површина за градење или изградба на објектот.

Површините за градење се во корелација со градежните линии и се дефинираат со овој урбанистички проект за секоја градба посебно, во рамките на дозволените Коефициенти на искористеност (К) и Проценти на изграденост на земјиштето (Р).

Во графичките прилози означена е градежната линија со детално котирање на растојанија до границата на градежната парцела и до регулационата линија, согласно член 99, 100 и 101 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

- **Максимална височина за градба** е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап.

Се дозволува градење под земја во граници на површината на градење, дефинирана со урбанистичкиот проект, со употреба на соодветни материјали и технологија на изградба. Максимална височина за градба е изразена како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата .

Максималната височина е изразена во должни метри и тоа за секој поединечен објект .

Горниот венец е секогаш во вертикална рамнина со градежната линија, а отстапување е можно во рамките на фасадната пластика согласно **Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22)**.

- **Површина за градба**

Површините за градба се дефинирани со границите на градежните линии дадени во графичкиот дел од УП.

Во градежната парцела се предвидени пет површини за градење, кои се дефинирани согласно член 58 од **Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 32/20)**, како и **Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22)**.

- **Процент на изграденост на земјиштето (Р)** е урбанистичка величина која во урбанистички план ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.

Процент на изграденост на земјиштето е дефиниран во планираниот УП и истиот изнесува 93.65% за ГП1.1 на ниво на целиот проектен опфат и е во границите на нормативите.

- **Коефициент на искористеност (К)** на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето во урбанистички план се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Коефициент на искористеност на земјиштето е дефиниран во планираниот УП и истиот изнесува 0.94 за ГП1.1.

- **Паркирањето** ќе се решава во рамките на градежните парцели. Паркирањето првенствено да се реши во сопствената парцела со почитување на потребен број на паркинг места како основен услов за изградба на максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (`Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е услов за изградба на дозволената површина за градење, катноста, максималната висина, како и искористување на дозволениот процент на изграденост и коефициент на искористеност.

Наменска употреба на земјиште

Со урбанистичкиот проект намената на земјиштето се дефинира во рамките на група на класа на намена **Е1.13-Фотоволтаични електрани и** компатибилна намена **Е1.8-Трафостаница**.

Сообраќај

Пристап до парцелите е обезбеден од постоечки земјен пат, од северо-западната страна. Потребата од паркинг простор се решава во рамките на градежната парцела.

Водовод и канализација

До границите на планскиот опфат не постои изградена водоводна и канализациона мрежа, а и согласно намената на објектот нема потреба од истите.

Електро-енергетска мрежа

На локацијата опфатена со урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена **Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка**, се планирани трафостаници 10(20)/0.4 кВ. На нисконапонската страна од овие трафостаници ќе се приклучат фотоволтните електрани. Со кабелска врска 20 кВ, трафостаниците ќе се приклучат на среднонапонска мрежа на столбот од далековод во близина на локацијата. Фотоволтните модули инсталирани на металната рам конструкција треба да се сместат во расположивиот простор на начин истиот рационално да се искористи.

3.2 ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Градежната парцела со бр.1.1

Класа на намена: намена Е-Инфраструктура, односно **Е1.13- Фотоволтаични електрани** и компатибилна намена **Е1.8-Трафостаница**.

Површина на градежна парцела е **91036.11м2**, на која има **пет** површини за градење и тоа:

- Површина за градење број **1.1.1** е со намена **Е1.13- Фотоволтаични електрани**, со вкупна површина од **85162.20м2**, вкупната развиена површина на намената е **85162.20м2**,

процент на изграденост **93.55%**, коефициент на искористеност 0.94 и максимална висина од 5м, а максимален број на катови П.

- Површина за градење бр.**1.1.2** е со намена **Е1.8 - трансфорнматорска станица** со површина **24.00м2**, развиена површина **24.00м2**, процент на изграденост **0.03%,** коефициент на искористеност 0.0003. Максимална висина до завршен венец е 5 м, а максимален број на катови П.

- Површина за градење бр.**1.1.3** е со намена **Е1.8 - трансфорнматорска станица** со површина **24.00м2**, развиена површина **24.00м2**, процент на изграденост **0.03%,** коефициент на искористеност 0.0003. Максимална висина до завршен венец е 5 м, а максимален број на катови П.

- Површина за градење бр.**1.1.4** е со намена **Е1.8 - трансфорнматорска станица** со површина **24.00м2**, развиена површина **24.00м2**, процент на изграденост **0.03%,** коефициент на искористеност 0.0003. Максимална висина до завршен венец е 5 м, а максимален број на катови П.

- Површина за градење бр.**1.1.5** е со намена **Е1.8 - трансфорнматорска станица** со површина **24.00м2**, развиена површина **24.00м2**, процент на изграденост **0.03%,** коефициент на искористеност 0.0003. Максимална висина до завршен венец е 5 м, а максимален број на катови П.

3.3 НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ - ПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА					
нумерација на градежна парцела по УП	површина на проектен опфат (m2)	површина на градежна парцела (m2)	намена на површини	површина по намени (m2)	процент %
01	02	03	04	05	06
ГП1.1	91036.11	91036.11	Е1.13 - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ	90940.11	99.89%
			Е1.8 - ТРАФОСТАНИЦА	96.00	0.11%
			ВКУПНО	91036.11	100.00%

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА										
УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка										
Број на градежна парцела	Група на класа на намени	Основна класа на намени	Површина на градежна парцела м2	Број на површина за градење	Површина за градење м2	Вкупно изградена површина на сите катови м2	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност (к)	катност	максимална висина
01	02	03	04	05	06	07	08	09	10	11
1.1	Е1	Е1.13	91036.11	1.1.1	85162.20	85162.20	93.55	0.94	П	5.00 м
		Е1.8		1.1.2	24.00	24.00	0.03	0.0003		
		Е1.8		1.1.3	24.00	24.00	0.03	0.0003		
		Е1.8		1.1.4	24.00	24.00	0.03	0.0003		
		Е1.8		1.1.5	24.00	24.00	0.03	0.0003		
ВКУПНО:			91036.11		85258.20	85258.20	93.65	0.94		

- **Намена на земјиште:**

Основна класа на намена

- Е-Инфраструктури

- Е1.13- Фотоволтаични електрани

- **Урбани параметри**

Површина на градежна парцела:..... 91036.11м²
Површина за градење:..... 85258.20м²
Вкупно изградена површина:..... 85258.20м²
Процент на изграденост:..... 93.65%
Коефициент на искористеност:..... 0.94
Максимална висина на градба:..... 5м
Максимална спратност на градба:..... П

Сообраќај: Пристапот е обезбеден од постоечки пристапен пат од северо-западната страна на градежната парцела.

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

4.1 Заштита на животна средина

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).

Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11,59/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за води (Сл.в. на РМ, бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13,180/14, 146/15 и 52/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на РМ 79/07, 124/10, 47/11,163/13 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11,59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување,ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

4.2 Заштита на почвата и подземните води

Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација. Фекалните отпадни води преку затворен систем на канализациони цевки ќе се одведуваат во компактна пречистителна станица изградена во рамките на градежната парцела, од која пречистени отпадни води до пропишениот степен на чистота може да се испуштаат во попивателни бунари. Атмосферските води од поплочаните партерни површини и од објектите преку затворен систем на атмосферска канализација ќе се одведуваат во попивателни бунари со претходнен нивен третман во сепаратори на масти за нивно пречистување до потребниот степен на чистота.

4.3 Заштита од бучава

Емисијата на бучава кон околината треба да биде во рамките на пропишаните гранични вредности. Прашањето за намалување на проблемите на бучавата треба да се

решава со обезбедување на заштитен зелен појас по должина на сообраќајниците и формирање на зелени коридори.

4.4 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04 и 81/07) и Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ" бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед. Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

4.5 Заштита од природни и технолошки хаварии

Врз основа на загрозеноста на регионот од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот на локалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

4.6 Заштита и спасување од урнатини

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Просторот на предметниот проектен опфат се наоѓа во зона на граница од 8 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти. Новите објекти да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

4.7 Мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи

Влез во предвидената градежна парцела е обезбеден, со што се обезбедени и услови за пристап на противпожарни возила. Минималните растојанијата на новите градби до границата на парцелата треба да изнесуваат ½ од висината на градбата која гарантира сигурност и заштита од ширење пожар од една на друга градежна парцела.

При планирањето почитуван е Законот за заштита и спасување, како и Законот за пожарникарство. Инвеститорот е должен во постапката на добивање одобрение за градење да достави елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за ЗПЕОМ.

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

4.8 Мерки за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08),и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4.9 Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка

документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

4.10 Обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Условите за движење на инвалидизирани лица се пропишани во точка 13, од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17). Според овој Правилник составен дел на урбанистичките планови се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на инвалидизирани лица во рамките на планскиот опфат.

- Површините за движење на пешаците (тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки), секаде каде дозволуваат условите мора да се со континуирана нивелета, без скалести денивелации, со подолжен наклон од најмногу 8,33 %;
- Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина: за наклон 8,33 % (1:12) мак. должина на рампата е 9,0 м, за наклон 6,66 % (1:15) мак. должина на рампата е 12.0 м. за наклон 5.0 % (1:20) мак. должина на рампата е 15.0 м, а за неопходни поголеми должини на рампата, задолжително се планира одморалиште, со најмала должина е 1.50 м, а оптимална должина е 1.80 м.
- При планирање на елементи на уличната мрежа, задолжително се предвидуваат рампи за секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот:
- Минималната ширина на рампата е 1.00 м, а оптималната ширина е 1.80 м; најголем наклон на рампата е 20 % (1:5), а оптималниот наклон е 8,33 % (1:12). Постојната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

За намената не се предвидуваат посебни услови за лица со инвалидитет.

4.11 Заштита на природното и културното наследство

Од областа на заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност на **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка** е покрената по барање на Инвеститорот **СОЛАР ТИН ДООЕЛ КРИВА ПАЛАНКА**, треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата. Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции.

За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;

• Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;

• Рационална изградба на инфраструктурата;

• Концентрација и ограничување на изградбата;

• Правилен избор на соодветна локација.

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14,44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

При примена на планските решенија на урбанистички проект за се што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл.весник на Р.М. бр.117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.весник на Р.М. бр.76/06) и Уредба за спроведувањето на мерката заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи (Службен весник на Република Македонија, број 100/10)

4.12 Други мерки согласно мислења од надлежни субјекти со јавни овластувања од член 47 од закон за урбанистичко планирање

• Општина Крива Паланка со бр. 29-4912/2 од 16.12.2022 - со известување дека локалитетот не се наоѓа во плански опфат на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ, ЛУПД, ДУПД за општина Крива Паланка.

• Агенција за цивилно воздухопловство со број 12-8/1379 од 07.12.2022 г. - може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

• Дирекција за заштита и спасување - Крива Паланка со бр. 09-168/2 од 09.12.2022г. – Доставува доставува податоци и информации за мерки за заштита и спасување кои треба да се вградат и почитуваат во урбанистичкиот проект.

• АД МЕПСО Скопје Известување бр.11-6866/1 од 14.12.2022г- проектниот опфат не се пресекува со ЕЕ во сопственост на АД МЕПСО.

• Македонски телеком АД Скопје Известување со број 47867 од 15.12.2022 г – во границите на проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

• Управа за заштита на културно наследство (Министерство за Култура) - со број 17-3233/2 од 28.12.2022 г – нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

• ЕВН -Скопје со број 10-23/5-428 од 26.12.2022 г – на опфатот нема електроенергетски објекти и инфраструктура.

• АЕК- Агенција за електронски комуникации со број 1404-3506/2 од 23.12.2022 г – нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

• Јавно петпријатие за државни патишта со број 10--12409/2 од 19.12.2022 г.– во делот кај проектниот опфат поминува експресниот пат А2-Ранковце - Крива Паланка кој треба да се земе во предвид и да се утврди точната поставеност.

дооел "НИМАЕР" -СТРУГА д.е. СКОПЈЕ
ул."Лидијска" бр.19,Т.Ц."Миладиновци" лок.54-СКОПЈЕ, Тел/Фах 02/620-0995, Моб.Тел. 078-212-727, e-mail: nimaer06@yahoo.com, nimaer06@gmail.com, www.nimaer.com.mk

дооел "Н И М А Е Р"- д.е. СКОПЈЕ
БР.03-345/22
Март, 2024 година
СКОПЈЕ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ПОСТАВЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕ (СО МОЌНОСТ ОД 8МВ), К.О.ГРАДЕЦ, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

(ПРЕЧИСТЕНА ВЕРЗИЈА)

Natasha Kuzmanoska
Digitally signed by Natasha Kuzmanoska
DN: c=MK, ou=VAT - 4021990104737, 2.5.4.97=NTRMK-4193342, o=Djon i Djoni DOO , serialNumber=181827, title=arhitekt, sn=Kuzmanoska, givenName=Natasha, cn=Natasha Kuzmanoska
Date: 2024.03.25 10:56:04 +01'00'

Blagoja Radevski
Digitally signed by Blagoja Radevski
Date: 2024.03.21 12:59:58 +01'00'

Natasha Kuzmanoska
Digitally signed by Natasha Kuzmanoska
DN: c=MK, ou=VAT - 4021990104737, 2.5.4.97=NTRMK-4193342, o=Djon i Djoni DOO , serialNumber=181827, title=arhitekt, sn=Kuzmanoska, givenName=Natasha, cn=Natasha Kuzmanoska
Date: 2024.03.25 10:56:52 +01'00'

Marija Radevska Beroska
Digitally signed by Marija Radevska Beroska
Date: 2024.03.21 13:02:42 +01'00'

Dushan Beroski
Digitally signed by Dushan Beroski
Date: 2024.03.21 13:03:10 +01'00'

margarita bobarovska
Digitally signed by margarita bobarovska
Date: 2024.03.21 13:03:37 +01'00'

Март, 2024 година
С К О П Ј Е

Место:	**К.О.Градец, Општина Крива Паланка**
Нарачател:	**Солар Тин Дооел Крива Паланка**
Предмет:	**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка**
Извршител:	**дооел " Н И М А Е Р "- СТРУГА - д.е.СКОПЈЕ**
Адреса:	**ул."Лондонска"бр.19, ТЦ Олимпико лок.34 - Скопје**
Телефон:	**02 620 0995**
E - mail:	**nimaer06@yahoo.com**
Работен тим:	**Благоја Радевски, *диа*** **Марија Радевска Бероска, *миа*** **Душан Бероски, *дги*** **Маргарита Бобаровска, *миа***
Фаза:	**Урбанистички проект**
Технички број:	**03-345/22**
Датум на изработка:	**Март, 2024**

РАБОТЕН ТИМ:

ПЛАНЕРИ:
1. Благоја Радевски, *диа*

СОРАБОТНИЦИ:
2. Марија Радевска Бероска, *миа*
3. Душан Бероски, *дги*
4. Маргарита Бобаровска, *миа*

УПРАВИТЕЛ:
Благоја Радевски, *диа*

Blagoja Radevski
Digitally signed by Blagoja Radevski
Date: 2024.03.21 13:00:14 +01'00'

СОДРЖИНА:

I. ОПШТ ДЕЛ

- **РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРОЕКТАНСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ**
- **ЛИЦЕНЦА**
- **РЕШЕНИЕ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ**
- **ОВЛАСТУВАЊА НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРОЕКТНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

II. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1.ВОВЕД

2. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

5. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

6. ИНВЕТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

7. ИНВЕТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

8. ИНВЕТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СООБРАЌАЈНИТЕ, ЕЛЕКТРИЧНИТЕ, КАНАЛИЗАЦИСКИТЕ, ВОДОВОДНИТЕ, ПОШТЕНСКИТЕ, ГАСОВОДИТЕ, ТОПЛОВОДНИТЕ, ТЕЛЕФОНСКИТЕ И ДРУГИ ВОДОВИ)

9. ДРУГИ ПОДАТОЦИ ОД СУБЈЕКТИТЕ ОД ЧЛЕН 47 ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

III. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ

- ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА Р.МАКЕДОНИНА	**1:25 000**
1. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА	**1 :1000**
2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД	**1 :1000**
3. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТУКТУРА	**1 :1000**

IV. УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВОВЕД

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ, ВО КОИ Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ ВО КОИ МОЖАТ ДА СЕ ПОСТАВУВААТ ПОВЕЌЕ ГРАДБИ

3. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

3.1 ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

3.2 ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

3.3 НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

4.1 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

4.2 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

4.3 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПНОСТ ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

V. ГРАФИЧКИ ДЕЛ УРБАНИСТИЧКО - ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ……..M=1:1000

VI. МИСЛЕЊА И СОГЛАСНОСТИ ОД ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ И ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

VII. ИДЕЕН ПРОЕКТ

I. ОПШТ ДЕЛ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150120230026811

Датум и време: 13.10.2023 г. 11:15

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5111307
Целосен назив:	Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР Благоја ДООЕЛ увоз-извоз Струга
Кратко име:	НИМАЕР ДООЕЛ СТРУГА
Седиште:	ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ бр.20-а СТРУГА, СТРУГА
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	23.6.1999 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4026996104544
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	173.600,00
Уплатен дел MKD:	173.600,00
Вкупно основна главнина MKD:	173.600,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	БЛАГОЈА РАДЕВСКИ
Адреса:	ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ бр.20-а СТРУГА, СТРУГА
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	173.600,00

Број: 0805-50/150120230026811 Страна 1 од 3

Уплатен дел MKD:	173.600,00
Вкупен влог MKD:	173.600,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА

Овластени лица

Име и презиме:	БЛАГОЈА РАДЕВСКИ
Адреса:	ВЕЛКО ВЛАХОВИЌ бр.20 А СТРУГА, СТРУГА
Овластувања:	Управител со неограничено овластување во внатрешниот и надворешниот трговски промет
Овластено лице:	Овластено лице

ПОДРУЖНИЦИ

Подброј:	5111307/1
Назив:	Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР Благоја ДООЕЛ увоз-извоз Струга-Подружница Ателје за проектирање Скопје
Тип:	Подружница
Подтип:	Подружница
Адреса:	ЛОНДОНСКА бр.19 Т.Ц.-Олимпико/локал 34 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности

ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ПОДРУЖНИЦАТА

Име и презиме:	ЛИЛЈАНА РАДЕВСКА
Адреса:	ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ бр.23А СТРУГА, СТРУГА
Овластувања:	Лице овластено за застапување

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

КОНТАКТ	
E-mail:	nimaer06@yahoo.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил: **Овластено лице:**

Број: 0805-50/150120230026811 Страна 3 од 3

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став (2) Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерство за транспорт и врски издава:

ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НА

Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР Благоја ДООЕЛ увоз-извоз Струга

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ул. ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ бр.20-а СТРУГА, СТРУГА, ЕМБС: 5111307

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **21.01.2026 година**

Број: **0019**

21.01.2019 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР
Горан Сугарески

Врз основа на **Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22), Законот за урбано зеленило („Сл. весник на РМ" бр.11/18)**, како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива, а во врска со изработка на **Урбанистички Проект,** дооел "НИМАЕР" - Струга, д.е. Скопје, го издава следното:

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ/ПРОЕКТАНТИ

За изработка на **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка** со технички број **03-345/22,** како извршители се назначуваат:

ПЛАНЕРИ:
- Благоја Радевски, *дипломиран инженер архитект*

СОРАБОТНИК:
- Марија Радевска Бероска, *магистер инженер архитект*
- Душан Бероски, *дипломиран градежен инженер*
- Маргарита Бобаровска, *магистер инженер архитект*

Планерите се должни **Урбанистичкиот Проект** да го изработат согласно **Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 32/20)** и **Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22)**.

УПРАВИТЕЛ:
Благоја Радевски, *диа*

Blagoja Radevski

Digitally signed by Blagoja Radevski
Date: 2024.03.21 13:00:31 +01'00'

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

БЛАГОЈА РАДЕВСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0104**

Издадено на: 14.08.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

МАРИЈА РАДЕВСКА БЕРОСКА

Магистер инженер архитект (304 ЕКТС)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој Закон и во Статутот на Комората

Број: 0.0628

Издадено на: 21.02.2024 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Чулак
дипл. инж. арх.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ОСНОВАЧ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА
СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДИПЛОМА

ЗА ЗАВРШЕН ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

ДУШАН БОРЧЕ БЕРОСКИ

РОДЕН НА **25.5.1989** ГОДИНА ВО **СТРУГА, СТРУГА, Р. МАКЕДОНИЈА,**
ЗАВРШИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ ПО **ГРАДЕЖНИШТВО, КОНСТРУКТИВНА,**
СО ВКУПНО **240** ЕКТС-КРЕДИТИ И ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА **6,90**, И СЕ СТЕКНА СО СТРУЧНОТО ЗВАЊЕ
ДИПЛОМИРАН ГРАДЕЖЕН ИНЖЕНЕР (GRADUATED CIVIL ENGINEER BSC).

БРОЈ И ДАТУМ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА, ИЗДАДЕНО ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
03-666/1 ОД 22.4.1975 ГОДИНА

СЕРИСКИ БРОЈ НА ДИПЛОМАТА: 09502

БРОЈ И ДАТУМ НА ДИПЛОМАТА ОД ГЛАВНАТА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ
3311, 29.6.2015

МЕСТО И ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ДИПЛОМАТА
СКОПЈЕ, 20.5.2016

ДЕКАН
ПРОФ. Д-Р ДАРКО МОСЛАВАЦ

РЕКТОР
ПРОФ. Д-Р ВЕЛИМИР СТОЈКОВСКИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ОСНОВАН НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА
ВЛАДА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БРОЈ И ДАТУМ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА, ИЗДАДЕНО ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УРЕДБА БР. 4348 ОД 17.11.1950 ГОДИНА

ДИПЛОМА

ЗА ЗАВРШЕНИ ИНТЕГРИРАНИ СТУДИИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС

МАРГАРИТА ЈАНЕ БОБАРОВСКА

РОДЕНА НА 23.11.1994 ГОДИНА ВО ГОСТИВАР, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,
ЗАВРШИ АКАДЕМСКИ ИНТЕГРИРАНИ ПЕТГОДИШНИ СТУДИИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС ПО АРХИТЕКТУРА,
НИВО НА КВАЛИФИКАЦИЈА VII-А, СО ВКУПНО 304 ЕКТС-КРЕДИТИ И ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА 8,18,
И СЕ СТЕКНА СО НАЗИВ
МАГИСТЕР ИНЖЕНЕР АРХИТЕКТ
(MASTER OF ARCHITECTURE).

СЕРИСКИ БРОЈ НА ДИПЛОМАТА: 12284

БРОЈ И ДАТУМ НА ДИПЛОМАТА ОД ГЛАВНАТА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ
А-751, 28.1.2021

МЕСТО И ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ДИПЛОМАТА
СКОПЈЕ, 25.5.2021

ДЕКАН
ПРОФ. Д-Р ОГНЕН МАРИНА

РЕКТОР
ПРОФ. Д-Р НИКОЛА ЈАНКУЛОВСКИ

II. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

-ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

II. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1.ВОВЕД

Постапката за изработка на **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка,** е иницирана од страна на нарачателот - **СОЛАР ТИН ДООЕЛ КРИВА ПАЛАНКА.**

Цел на изработката на **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка** е изработка на урбанистичко-проектна документација која ќе се изработи на основа на важечката законска регулатива, Ажурирана геодетска подлога, Условите за планирање на просторот со тех. бр. Y65522 од декември 2022година и решение бр. УП1-15 2188/2022 од 05.01.2023 година, увид на лице место, известување за постојната инфраструктура од Јавните претпријатија, а се во согласност со **Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).**

2. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Предметниот проектен опфат за кој се изработува **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка,** е со површина од **91036.11м2.**

Проектниот опфат за **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка,** се наоѓа во непосредна близина на постоен пристапен пат и преку истиот е поврзан со поширокатa околина.

Предметниот опфат се наоѓа на надморска висина од околу 710-810m.

Границите на проектниот опфат за **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка**, се претставени описно со координати по X и Y на секоја прекршна точка, означени со реден број од Т1 до Т150 и истите се дадени во табеларен приказ:

	X	Y
Т1	7608034.45	4674251.65
Т2	7608051.21	4674269.15
Т3	7608084.43	4674279.29
Т4	7608102.06	4674270.34
Т5	7608099.49	4674286.31
Т6	7608097.85	4674302.38
Т7	7608131.31	4674310.57
Т8	7608158.35	4674310.75
Т9	7608175.68	4674311.93
Т10	7608174.31	4674296.37

Т76	7608116.05	4673874.12
Т77	7608114.54	4673877.22
Т78	7608113.30	4673880.14
Т79	7608110.82	4673884.00
Т80	7608108.11	4673887.09
Т81	7608104.78	4673889.54
Т82	7608098.51	4673892.84
Т83	7608097.15	4673894.14
Т84	7608096.42	4673895.53
Т85	7608095.37	4673899.63

T11	7608173.77	4674292.55	T86	7608094.80	4673908.93
T12	7608173.59	4674287.21	T87	7608094.37	4673915.97
T13	7608173.43	4674282.26	T88	7608093.83	4673920.30
T14	7608173.48	4674277.54	T89	7608092.88	4673924.88
T15	7608173.80	4674272.20	T90	7608091.01	4673930.36
T16	7608174.22	4674267.50	T91	7608090.04	4673932.34
T17	7608174.59	4674258.97	T92	7608089.06	4673934.28
T18	7608175.31	4674253.13	T93	7608087.29	4673938.21
T19	7608177.65	4674246.33	T94	7608085.32	4673942.60
T20	7608179.69	4674242.33	T95	7608082.65	4673946.36
T21	7608182.66	4674237.26	T96	7608079.72	4673949.72
T22	7608185.09	4674233.59	T97	7608075.52	4673953.76
T23	7608187.85	4674229.64	T98	7608069.89	4673957.28
T24	7608190.11	4674226.04	T99	7608061.66	4673961.65
T25	7608191.99	4674222.20	T100	7608059.85	4673965.30
T26	7608193.88	4674219.60	T101	7608058.47	4673971.13
T27	7608188.31	4674184.07	T102	7608058.20	4673977.82
T28	7608190.69	4674181.79	T103	7608058.74	4673982.23
T29	7608193.98	4674178.75	T104	7608060.18	4673986.65
T30	7608196.61	4674175.43	T105	7608062.76	4673993.43
T31	7608200.44	4674170.60	T106	7608063.70	4673997.98
T32	7608203.79	4674165.80	T107	7608062.71	4674001.03
T33	7608206.48	4674161.47	T108	7608061.25	4674004.28
T34	7608208.84	4674158.88	T109	7608057.92	4674008.57
T35	7608214.60	4674153.34	T110	7608053.98	4674013.61
T36	7608217.79	4674150.96	T111	7608052.02	4674017.80
T37	7608221.53	4674149.64	T112	7608050.40	4674022.72
T38	7608223.98	4674149.39	T113	7608049.07	4674026.75
T39	7608227.13	4674149.85	T114	7608047.36	4674029.91
T40	7608229.93	4674150.79	T115	7608043.76	4674034.04
T41	7608232.23	4674152.15	T116	7608039.88	4674037.53
T42	7608234.83	4674146.89	T117	7608038.89	4674038.02
T43	7608237.79	4674142.42	T118	7608037.92	4674040.81
T44	7608240.46	4674138.13	T119	7608033.85	4674043.89
T45	7608245.89	4674130.53	T120	7608030.12	4674047.05
T46	7608249.35	4674124.93	T121	7608026.47	4674051.00
T47	7608252.86	4674120.90	T122	7608022.69	4674055.10
T48	7608256.03	4674117.69	T123	7608019.26	4674059.26
T49	7608257.62	4674116.66	T124	7608015.65	4674064.63

T50	7608266.99	4674108.92	T125	7608012.76	4674070.44
T51	7608273.74	4674102.92	T126	7608011.88	4674072.47
T52	7608276.33	4674100.19	T127	7608010.59	4674075.48
T53	7608279.71	4674096.45	T128	7608008.33	4674079.88
T54	7608281.75	4674093.83	T129	7608006.76	4674082.67
T55	7608297.29	4674072.01	T130	7608005.20	4674084.45
T56	7608287.38	4674034.04	T131	7608001.51	4674087.82
T57	7608277.11	4673995.29	T132	7607997.14	4674091.10
T58	7608270.65	4673980.84	T133	7607995.78	4674092.73
T59	7608287.30	4673974.20	T134	7607993.45	4674096.03
T60	7608317.80	4673967.94	T135	7607991.33	4674100.11
T61	7608326.58	4673949.05	T136	7607989.33	4674105.56
T62	7608318.33	4673924.10	T137	7608018.50	4674121.46
T63	7608308.99	4673878.32	T138	7608040.22	4674131.09
T64	7608301.84	4673866.86	T139	7608064.21	4674106.20
T65	7608292.80	4673846.14	T140	7608101.64	4674082.01
T66	7608278.68	4673845.49	T141	7608110.48	4674073.95
T67	7608243.20	4673841.82	T142	7608126.68	4674077.18
T68	7608240.05	4673841.19	T143	7608110.60	4674097.18
T69	7608227.13	4673840.59	T144	7608067.28	4674135.09
T70	7608219.05	4673840.12	T145	7608046.53	4674151.01
T71	7608207.98	4673875.66	T146	7608018.32	4674169.83
T72	7608186.01	4673857.66	T147	7608000.44	4674196.33
T73	7608165.19	4673843.81	T148	7608012.86	4674206.35
T74	7608153.31	4673856.43	T149	7608007.79	4674220.18
T75	7608137.86	4673883.35	T150	7608003.81	4674243.72

Проектниот опфат ги опфаќа: **КП.Бр.5680, КП.Бр.5682, КП.Бр.5683, КП.Бр.5684, КП.Бр.5685, КП.Бр.5686, КП.Бр.5687, КП.Бр.5688, КП.Бр.5689, КП.Бр.5701, КП.Бр.5703, КП.Бр.5715, КП.Бр.5716, КП.Бр.5719 и КП.Бр.5720, К.О.Градец, Општина Крива Паланка.,** со вкупна површина од: **91036.11м$^{2.}$**

Планирана моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е **8мв.**

Границата на проектниот опфат за **Предлог проектна програма за УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, К.О.Градец, Општина Крива Паланка** (описно) граничи со:
- на север со КП.Бр.5671/1, КП.Бр.5721, КП.Бр.5722 и КП.Бр,5714,
- на запад КП.Бр.5712, КП.Бр.5704, КП.Бр.5702, КП.Бр.5705, КП.Бр.5700, КП.Бр.5691, КП.Бр.5690, КП.Бр.9204, КП.Бр.9205, КП.Бр.9206, КП.Бр.9218 и КП.Бр.9217
- на југ со КП.Бр.9221, КП.Бр.9222, КП.Бр.9227 и КП.Бр.5679,
- на исток со КП.Бр.5678, КП.Бр.5681, КП.Бр.5717, КП.Бр.5718 и КП.Бр.5671/1

Предмет на изработка ќе биде оформување на нова градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи,согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.
Проектниот опфат се надоврзува на постоен локален пат кој поминува од северо-западната страна, од каде што е и пристапот на проектниот опфат во К.О.Градец, Општина Крива Паланка.

Притоа, добиена е согласност од сопствениците за пристапен пат непречено до новопланираната градежна парцела за проектниот опфат. Односно согласност за пристапен пат преку КП.Бр.5710, КП.Бр.5711 и КП.Бр.5712, К.О.Градец, Општина Крива Паланка.

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА

Со оглед на значителните промени на изменетите општествено политички услови и самата урбанистичка регулатива, се наложува изработка на **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка**, со цел да се создадат услови за развој.

За предметниот опфат не постои важечка планска документација**,** а **Условите за планирање на просторот - Изводот од Просторен план на РМ** треба да претставува влезен параметар и смерница при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ.

За предметниот опфат при изработка на **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка**, како показател се користени одредбите од Условите за планирање на просторот со тех. бр. Y65522 од декември 2022година и решение бр. УП1-15 2188/2022 од 05.01.2023 година.

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијанието на човекот. Во нив спаѓаат географската и геопрометната положба на подрачјето, релјфните каратеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, кламатски и др

Предметната локација во КО Градец, Општина Крива Паланка се наоѓа северозпадно од населено место Крива Паланка на надморска височина од 710-810м.

Геолошки и инженерско-геолошки карактеристики

Геолошкото минато на Осоговијата, почнувајќи од палеозоикот па се до дилувиумот таа била опфаќана со хоризонтални и вертикални тектонски движења кои ја набрчкувале, издигале и раздробувале. Тие движења предизвикале раседи и вулкани, низ кои се излила магма.

Осоговијата е составена од разновидни карпи. Во нивниот состав учествуваат архајски и палеозојски шкрилци, постари и помлади еруптивни карпи, палеогени и неогени седиментии делувијални и алувијални творби.

Еруптивните карпи содржат значително количество на разновидни руди, а соодветен процент на руди содржат и кристалести шкрилци.

Теренот на кој лежи предметната локација е од алувијални и делувијални седименти, слабо консолидиран терен Алувијалната рамнина на Крива Река настанала од акумулативната работа на реката и нејзините притоки.

Клима

Просторот е под непосредно влијание на умерено-континентална клима, што се должи на географската диспозиција и на извесни влијанија кои навлегуваат од Егејот преку Крива Река. Просечната годишна температура изнесува 10.0°C и годишна амплитуда од 20.4°C. (апсолутен мин. -20.6°C, апсолутен макс. 37,3°C). Во текот на годината најтопол месец е јули со просечна вредност од -0.6°C. Може да се констатита дека климата во регионот се одликува со умерено ладна зима, умерено топло лето, свежа пролет и релативно топла есен.

Просечната годишна количина на врнежи изнесува 624,5mm, нај врнежлив е месец мај со 72,7mm, просечен број на снежни денови е 31, а максимална снежна покривна достига 55sm.

Воздушните струења се чести и интензивни од североисток (633%) и југозапад (225%). Просечната годишна брзина на воздушните струења изнесува 2.9m/s. со максимална регистрирана брзина од 19,09m/s. Се јавува преку целата година, со најголема зачестеност од јули до октомври.

Северниот и јужниот ветер се со мала зачестеност од 27%, односно 23%, со просечна годишна брзина од 2.7m/s, односно 5,4 m/s.

Источниот е со зачестеност од 24%, а западниот со зачестеност од 18%.

Поради големата зачестеност на ветровите во ова подрачје, маглата е ретка појава. Просечно годишно се регистрирани 13 денови со магла, и тоа главно од ноември до март, а некои години се јавува од септември до мај.

Бројот на сончеви саати во околината изнесуваат 2300 часа. Просечен број на ведри денови е 78 дена, облачни 186 и тмурни 101ден. Просечна годишна влажност на воздухот е 68%.

Податоците се од мерна станица Крива Паланка.

5. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Создадените вредности, како чинители кои можат да влијаат врз равојот на просторот во рамките на опфатот на планот, ги опфаќа: културно-историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, законодавно-административни, здравствено-социјални и други чинители.

Основна стратегија во организацијата и користење на просторот, во смисла на поддршка на развојот на населеното место во однос на домување како и развој на стопанскиот и културен развој, ја сочинуваат такви решенија во просторот кои овозможуваат поголема функционалност, поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и содадените ресурси, сообраќајно поврзување, локациона флексибилност и друго.

При урбанистичкото планирање, еден од важните фактори за создавање на концепцијата на планот е анализата на постојната состојба.

Планската документација за просторот кој го опфаќа локалитетот за **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка,** претставува терен кој претставува делумно неизградено земјиште и кој треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби на самата општина и нејзиното опкружување.

Од анализата на постојната состојба на предметниот плански опфат за **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка**, произлегуваат следните заклучоци:

- Просторот претставува неизградено земјиште, кое треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби на самата општина и нејзиното опкружување;
- Сообраќајно проектниот опфат е поврзан со локален пристапен пат, преку кој истиот е поврзан со поширокото опкружување;
- За просторот потребно е дооформување и дополна со осовременување на инфраструктурните системи со што потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:
    - површини;
    - квалитет на градба;
    - употреба на материјали;
    - поголеми енергетски вредности;
    - соодветни инсталации;
    - обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
    - поврзување со сите градски инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови ситеми.

- **Демографија**

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, вкупниот број на жители во Општина Крива Паланка на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 18059 жители, со густина од 38/км2. Важно е затоа што составот на населението, односно младото население, ја претставува расположлива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

6. ИНВЕТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

За целосно согледување на постоечката состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место - теренска работа и направена е детална анализа на добиените податоци.

При увид на лице место во граници на проектниот опфат нема постојни објекти, а површината предметниот опфат претставува неизградено земјиште.

Од аспект на изграден градежен фонд, констатирано е дека проектниот опфат на **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка,** претставува неизградено земјиште.

Вкупната површина на проектниот опфат предвидена со **УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка,** изнесува **П=91036.11м2.**

УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8мв), К.О.Градец, Општина Крива Паланка										
ПОПИСНИ ЛИСТИ						БРОЈ:		**ОПФАТ-91036.11м2**		
ПОПИШУВАЧ: 1.БЛАГОЈА РАДЕВСКИ						ДАТА НА ПОПИС:				
СОРАБОТНИЦИ: 2.МАРИЈА РАДЕВСКА БЕРОСКА						Декември 2022				
3.ДУШАН БЕРОСКИ										
4.МАРГАРИТА БОБАРОВСКА										
ОСТАНАТО										
реден број	нумерација на објекти	улица	катност	површина на парцела m2	површина на објект m2	развиена бруто површина m2	процент на изграденост	вид на конструкција	состојба на објект	класа на намена
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
1	НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ			91036.11m2	/			/		
ВКУПНО				91036.11m2	/	/	/			

- **Нумерички показатели**

Според нумеричките показатели неизграденото земјиште е со површина од 91036.11м2. или 100%.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ - ПОСТОЈНА СОСТОЈБА					
нумерација на градежна парцела по УП	**површина на проектен опфат (m2)**	**површина на градежна парцела (m2)**	**намена на површини**	**површина по намени (m2)**	**процент %**
01	02	03	04	05	06
ГП1.1	91036.11	91036.11	Неизградено земјиште		
			ВКУПНО	91036.11	100%

7. ИНВЕТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

Согласно Законот за заштита културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04,71/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 24/14, 44/15, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16, 11/18 и 20/19), видови нанедвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели. Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во руралните населби и ридско - планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење. Согласно на постапката ќе бидат побарани податоци и информации од Управата за заштита на културното наследство за дали на опфатот или неговата близина има регистрирано недвижно културно наследство – споменик на културата.

За нашето барање со бр.03-345-1/22 од 07.12.2022 имаме добиено податоци и информации од Министерство за Култура-Управа за заштита на културни споменици дека на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при изведувањето на земјените работи се наиде на археолошки артефакти, односно се дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита на културното наследство - "Службен весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

8. ИНВЕТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СООБРАЌАЈНИТЕ, ЕЛЕКТРИЧНИТЕ, КАНАЛИЗАЦИСКИТЕ, ВОДОВОДНИТЕ, ПОШТЕНСКИТЕ, ГАСОВОДИТЕ, ТОПЛОВОДНИТЕ, ТЕЛЕФОНСКИТЕ И ДРУГИ ВОДОВИ)

- Сообраќај

Од аспект на сообраќајна инфраструктура констатирано е дека до самиот проектен опфат води постоен пристапен пат, кој го поврзува опфатот со околината.

Реализацијата на пристапните патишта до инфраструктурниот дел не се третираат во предметниот опфат.

- Нивелациски план

Со изработка на оваа документација пристапено е кон изработка на нивелманското решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивеламанското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници. Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот. Подолжните падови се движат во границите на дозволените.

- Водовод и канализација

За нашето барање со бр.03-345-1/22 од 07.12.2022 немаме добиено податоци и информации од институции за постоечка хидротехничка инфраструктура.

Просторот во кој се предвидува изградба на фотоволтаични електрани, К.О.Градец., Општина Крива Паланка, се наоѓа во водостопанското подрачје за Општина Крива Паланка.

- **Електрична инсталација**

Согласно добиените податоци од Електродистрибуција дооел Скопје со бр.10-23/5-428 од 26.12.2022 година, на предметната локација нема електроенергетски објекти и инфраструктура.

Согласно добиените податоци од АД Мепсо со бр. 11-6866/1 од 14.12.2022 година, предметниот опфат не се пресекува со ЕЕ инсталации во сопственост на АД МЕПСО.

- **Телефонска инсталација**

Согласно податоците добиени од Македонски телеком АД Скопје со бр. 47867 од 15.12.2022 година, во границите на предметниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Согласно податоците добиени од АЕК со бр. 1404-3506/2 од 23.12.2022 година, за посочената локација нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Не се добиени податоци од А1 Македонија за нашето барање со број 03-345-1/22 од 07.12.2022, за дали на посочената локација има или нема нивни постојни и планирани мрежи и системи.

- **Гасоводна инсталација**

Не се добиени податоци од АД ГА-МА дали на предвидениот проектен опфат има траса на планиран и изведен гасовод.

Не се добиени податоци од АД НЕР дали на наведениот проектен опфат има изградено и планирано изградба на гасоводна мрежа.

9. ДРУГИ ПОДАТОЦИ ОД СУБЈЕКТИТЕ ОД ЧЛЕН 47 ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Општина КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29 - 4911/2
16 . 12 . 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

До

ППИУП„Нимаер"ДООЕЛ-СТРУГА
ДЕ Скопје
ул.„Лондонска" бр.19
ТЦ „Олимпико" лок.34
Скопје

Предмет: **Известување**
Врска: Ваш акт број 03-345-1/22 од 07.12.2022 година

Почитувани,

Во врска со барањето за податоци и информации доставено преку информацискиот систем на е-урбанизам со број на постапка 47867 **ПИМ** во Општина Крива Паланка зеведено под број 29-4912/1 од 16.12.2022 година за локалитетот за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште со моќност од 8МВ, на КП5680, 5682, 5683, 5684, 5685, 5686, 5687, 5688, 5689, 5701, 5703, 5715, 5716, 5719 и 5720 КО Градец, Општина Крива Паланка, Ве известуваме дека локалитетот **не се наоѓа во плански опфат** на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ, ЛУПД и ДУПД за Општина Крива Паланка.

Со почит.

Изготвил:
дипл. инж. Иван Велиновски
Контролирал:
Валентина Димитровска

Одобрил:
Раководител,
дипл. инж. Маја Костадиновска

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски

www.krivapalanka.gov.mk

00

До: **НИМАЕР ДООЕЛ Струга**

бр. 12-8/1379
Скопје, 07.12.2022 година

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 03-345-1/22 од 07.12.2022 година
e-urbanizam, постапка бр. 47867

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински, соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Градец, Општина Крива Паланка

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

изработил: Х.Карајченеми

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-537/1 од 18.05.2022 година)

Biljana Jovanova

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Наш број: 1404-3506/2
Скопје: 23.12.2022 г.

ДО:
„НИМАЕР"- СТРУГА Д.Е. СКОПЈЕ
ул.„Лондонска" бр. 19
Т.Ц.Олимпико лок.34
1000 Скопје

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваш број: 03-345-1/21 преку е-урбанизам

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински, соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, К.О.Градец, Општина Крива Паланка,** према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска 16.12.2022г
Раководител на сектор:Борис Арсов
Советник на директорот: Игор Бојациев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул.Кој Димитар Влахов 22
1000 Скопје
тел: 02 32 89 200
факс: 02 32 44 651
e-пошта: contact@aek.mk

Влада на Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ КРИВА ПАЛАНКА

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
DREJTORIA PER MBROJTJE DHE SHPETIM
NJËSIA RAJONALE KRIVA PALLANKË

09 Декември 2022 година

Арх. број 09-168/2

До ДООЕЛ НИМАЕР – СТРУГА д.е СКОПЈЕ

Предмет: Податоци и информации,
Доставува-.
Врска: Ваш акт број 03-345-1/22 од 07.12.2022 година
Број на постапка 47867 (е_урбанизам)

Согласно член 47 став (1) и (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20), **Подрачното одделение за заштита и спасување Крива Паланка** д о с т а в у в а

Податоци и информации

За изработка и донесување на УПВНМ со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Градец, општина Крива Паланка..

1. **На опфатот од проектот** нема објекти и инсталации од областа на заштитата и спасувањето. Немаме сознанија за присуство на неексплодирани убојни средства.
2. **Заштита и спасување од пожари**

Заштитата од пожари да се испланира со хидрантска мрежа и пристап до објектот на ПП возила, да се испланираат соодветни пп пречки и да се предвидат посебни мерки за заштита од пожари и експлозии според постоечките законски прописи..

3. **Заштита и спасување од поплави**

Регулирање на атмосферските води.

4. **Заштита и спасување од урнатини**

Да се предвидат законските мерки за заштита и спасување од урнатини.

Подготвил: Бранислав Јовевски
Branislav Jovevski
Digitally signed by Branislav Jovevski
Date: 2022.12.09 09:46:46 +01'00'

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Раководител на ПОЗС Крива Паланка
Митко Ангеловски

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Крива Паланка
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Kriva Pallankë

ул. „Свети Јоаким Осоговски бр.175
Република Северна Македонија
Rr. "Shën Joakim Osogovski" 175
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 31376744
www.dzs.gov.mk
Krivapalanka@dzs.gov.mk

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 47867
Дата: 15.12.2022

До
НИМАЕР Струга – Д.Е. Скопје
Ул. Лондонска бр. 19, Т.Ц. Олимпико, локал 34, 1000 Скопје

Ваше упатување: Барање на податоци и информации

Наше контакт лице: Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон: +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со: Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински, соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, К.О.Градец, Општина Крива Паланка, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

NIKOLChE TASEVSKI Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI Date: 2022.12.15 13:29:29 +01'00'

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД-СКОПЈЕ
Адреса: Кеј 13-ти Ноември б, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Internet: www.telekom.mk
Контакт центар за приватни корисници: +389 2 122, +389 70 122|E-Mail: kontakt@telekom.mk
Контакт центар за деловни корисници: +389 2 120, +389 70 120|E-Mail: biznis.kontakt@telekom.mk
ЕМБС: 5168660 | Основна главнина: МКД 9.583.887.733,00
ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-23/5-428 од 26.12.2022
Скопје

Одговорно лице: Цветомир Јованоски

Контакт телефон: 072/ 932-596

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински, соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, К.О.Градец, Општина Крива Паланка.** Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго Во бараниот опфат, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ – Скопје, НЕМА електроенергетски објекти и инфраструктура

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Приклучувањето на објектот на дистрибутивната електроенергетска мрежа се врши во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. По направена првична анализа, нема можност за приклучок на производителот на постојната дистрибутивна мрежа.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Cvetomir Jovanoski Digitally signed by Cvetomir Jovanoski Date: 2022.12.26 10:59:31 +01'00'


Датум: 20.12.2022
ГРАДЕЦ
Легенда
Постоечка мрежа
Новопланирана мрежа
Демонтирана мрежа
0
0,15
0,3
0,6 Kilometers
1:9.028

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 10-12409/2
19-12-2022
Скопје/Shkup_____година/viti

ДО ДООЕЛ„НИМАЕР" д.е. Скопје
ул. Лондонска бр.19 , ТЦ„Олимпико" лок.34
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 03-345-1/22 од 07.12.2022год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка и донесување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Градец, општина Крива Паланка, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-12409/1 од 12.12.2022 година:

- Ажурирана геодетска подлога со нанесена граница на планскиот опфат.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека на делот кај предметниот проектен опфат поминува траста на експресниот пат А2 Ранковце-Крива Паланка која треба да биде земена во предвид при изработка на предметниот УП. Истото е потребно за да се утврди точната поставеност на опфатот во однос на експресниот пат, како не би дошло до несакани последици.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарева
Контролирал: Зоран Велков
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

ДООЕЛ "НИМАЕР"- д.е. СКОПЈЕ

Ул. Лондонска бр.19, ТЦ Олимпико, лок. 34

Скопје

Бр.11-6866/1

14.12.2022

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање број 03-345-1/22 од 07.12.2022 година, наш број 11-6866 од 12.12.2022 година за податоци и информации потребни за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Градец, општина Крива Паланка,**

Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Весна Чингоска
Проверил: Весна Чингоска

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2022.12.15 09:00:26 +01'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи



Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

ДО

Бр. 17 – 3233/2
28.12.2022 година
Скопје

НИМАЕР дооел

ул. Лондонска бр. 19
1000 Скопје

Предмет: Доставување податоци и информации
Врска: 03-345-1/22 од 07.12.2022 година

Во врска со вашето барање за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински, соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Градец, Општина Крива Паланка,** Управата за заштита на културно наследство врз основа на доставената и постојана документација, констатира дека во границите на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р. Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

в.д. Директор,
Аријан Аслањај

Изработил: м-р А. Илиевски
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

1

Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев" бр. 3, Скопје, П. Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

III. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 2557/2022

Дата: 05 -01- 2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Крива Паланка ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Градец, Општина Крива Паланка.**
Предвидената моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е до 8 MW. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 9,1 ха и ги зафаќа катастарските парцели: КП 5680, КП 5682, КП 5683, КП 5684, КП 5685, КП 5686, КП 5687, КП 5688, КП 5689, КП 5701, КП 5703, КП 5715, КП 5716, КП 5719 и КП 5720, КО Градец, Општина Крива Паланка.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y65522** се составен дел на Решението.
3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 225/20).
4. Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Градец, Општина Крива Паланка содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

Министерство за животна средина
и просторно планирање на
Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Крива Паланка, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 48005 од 16.12.2022 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Градец, Општина Крива Паланка.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Градец, Општина Крива Паланка и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2557/2022 од 28.12.2022 година.

Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Градец, Општина Крива Паланка претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дејан Гаговски

Одобрил: Соња Фурнаџиска

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Градец

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y65522

Скопје, декември 2022

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Градец

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Крива Паланка

Тех. бр. Y65522

Раководител на задачата
Валентина Христова Стефановска,д.н.

Контролирал
м-р Весна Мирчевска Димишковска, д.и.з.ж.с.

Агенција за планирање на просторот
Директор

Andrijana Andreeva Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2022.12.28 13:51:25 +01'00'

м-р Андријана Андреева, д.и.а

Скопје, декември 2022

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 5680, КП 5682, КП 5683, КП 5684, КП 5685, КП 5686, КП 5687, КП 5688, КП 5689, КП 5701, КП 5703, КП 5715, КП 5716, КП 5719 и КП 5720, КО Градец

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена

со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава решение за услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај Условите за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 5680, КП 5682, КП 5683, КП 5684, КП 5685, КП 5686, КП 5687, КП 5688, КП 5689, КП 5701, КП 5703, КП 5715, КП 5716, КП 5719 и КП 5720, КО Градец, Општина Крива Паланка. Површината на планскиот опфат изнесува 9,1 ha. Предвидената моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е до 8 MW.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија.**

Основни определби на Просторниот план

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.**

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство **и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.** Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, климатските и др.

Предметната локација за која се наменети Условите за планирање на просторот во КО Градец, Општина Крива Паланка се наоѓа северозападно од населеното место Крива Паланка на надморска височина од 710-810м.

Геолошки и инженерско - геолошки карактеристики

Геолошкото минато на Осоговијата, почнувајќи од палеозоикот па се до дилувиумот е опфатен со хоризонтални и вертикални тектонски движења кои ја набрчкувале, издигале и раздробувале. Тие движења предизвикале раседи и вулкани, низ кои се излила магма.

Осоговијата е составена од разновидни карпи. Во нивниот состав учествуваат архајски и палеозојски шкрилци, постари и помлади еруптивни карпи, палеогени и неогени седиментии дилувијални и алувијални творби.

Еруптивните карпи содржат значително количество на разновидни руди, а соодветен процент на руди содржат и кристалести шкрилци.

Теренот на кој лежи предметната локација е од алувијални и делувијални седименти, слабо консолидиран терен Алувијалната рамнина на Крива Река настанала од акумулативната работа на реката и нејзините притоки.

Клима

Просторот е под непосредно влијание на умерено-континенталната клима, што се должи на географската диспозиција и на извесни влијанија кои навлегуваат од Егејот преку Крива Река. Просечната годишна температура изнесува 10.0°C и годишна амплитуда од 20,4^{0}C. (апсолутен мин. - 20,6°C, апсолутен макс. 37,3C). Во текот на годината најтопол месец е јули со просечната вредност на температура од 19,8^{0}C, а најстуден месец е јануари со просечна вредност од - 0,6°C. Може да се констатира дека климата во регионот се одликува со умерено ладна зима, умерено топло лето, свежа пролет и релативно топла есен.

Просечна годишна количина на врнежи изнесува 624,5mm, нај врнежлив е месец мај со 72,7mm просечен број на снежни денови е 31, а максимална снежна покривка достига 55sm.

Воздушните струења се чести и интезивни од североисток (633‰) и југозапад (225‰). Просечна годишна брзина на воздушните струења изнесува 2,9m/s со максимална регистрирана брзина од 19,0m/s. Се јавува преку целата година, со најголема зачестеност од јули до октомври.

Северниот и јужниот ветер се со мала зачестеност од 27‰, односно 23‰, со просечна годишна брзина од 2,7m/s, односно 5,4m/s.

Источниот е со зачестеност од 24‰, а западниот со зачестеност од 18‰.

Поради големата зачестеност на ветровите во оваа подрачје, маглата е ретка појава. Просечно годишно се регистрираат 13 денови со магла, и тоа главно од ноември до март, а во некои години се јавува од септември до мај.

Бројот на сончеви часови во околината изнесува над 2300 часа. Просечниот број на ведри денови е 78 дена, облачни 186 и тмурни 101 ден. Просечната годишна влажност на воздухот е 68%.

Податоците се од мерната станица Крива Паланка.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Просторната организација на производните и услужни дејности, поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Крива Паланка со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторот, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање е “Северната” развојна оска која се формирала по Втората светска војна во северниот и западниот дел на државата и ги поврзува градовите: Струга- Охрид- Кичево- Гостивар- Тетово- Скопје- Куманово- Крива Паланка. Оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил-Р Бугарија и на запад кон Елбасан-Р Албанија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да

овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Градец, Општина Крива Паланка ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат.

Користење и заштита на земјоделското земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради

рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

– Примена на мерки за одржлив развој, кои подразбираат: поголема употреба на природни ѓубрива, контролирана употреба на вештачки ѓубрива во склад со потребата на растенијата односно врз основа на стручни анализи, употреба на т.н еколошки ѓубрива, примената на т.н. систем капка по капка.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Државата е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.**

При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водни ресурси и водостопанска инфраструктура

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот согласно Просторниот план на Р. Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура концептот е насочен кон рационално користење на водата, условено од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, енергетиката, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот каде се предвидува поставување на површинските соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во КО Градец, Општина Крива Паланка, се наоѓа се наоѓа во водостопанското подрачје „Пчиња" кое го опфаќа сливот на реката Пчиња од Македонско -Српската граница до вливот во реката Вардар.

Во Републиката се регистрирани вкупно 4.414 извори од кои со издашност над 100 l/s регистрирани се 58. Во ВП „Пчиња" регистрирани се 614 извори, но ни еден не е регистриран како извор со значајна издашност.

Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерно. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. Поради морфолошката, хидрогеолошката и хидрографската структура на просторот врнежите брзо се концентрираат во речната мрежа и истекуваат. Површинското истекување за сливните подрачја во Републиката има вредност од 26,2 л/сек/км^2 за реката Радика до 3,1 л/сек/км^2 за сливот на реката Струмица. За сливот на реката Пчиња кај водомерниот профил „Пелинце" изнесува 8,5 л/сек/км^2, кај в.п. „Трновец" 6,8 л/сек/км^2 и кај в.п. „Катлановска Бања" 4,5 л/сек/км^2.

За подобрување на режимот на површинските водотеци и целосно искористување на нивниот хидропотенцијал, во ВП „Пчиња" изградени се акумулациите Липково и Глажња на Липковска Река. Основна намена на водите од акумулациите е наводнување на обработливите површини, водоснабдување на населението, заштита од големи води и задржување на наноси. За идниот период во ова ВП се предвидува изградба на акумулациите Слупчане на Слупчанска Река, Вакуф и Длабочица на Крива Река и акумулацијата Пчиња на река Пчиња.

Друг значаен ресурс на води се подземните води чија издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради високиот квалитетот со кој најчесто се одликуваат може да имаат големо значење за покривање на потребите од вода, но потребни се дополнителни истражувања за нивниот квантитет и квалитет.

Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води од кои во регионот на ВП „Пчиња" со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Куманово - Кратово.

Поставувањето на површинските соларни и фотоволтаични електрани со кои ќе се користи сончевата енергија, како обновлив ресурс, за производство на електрична енергија, во подрачје кое е сиромашно со вода, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на

енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Државата досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Градец, Општина Крива Паланка нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови. Така постојниот преносен 400 kV далновод Штип-Бугарија минува на 0,8km северно од оваа локацијата.

Поставувањето на **површински соларни и фотоволтаични електрани** ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Гасовод и нафтовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Републиката. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-С.Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

Трасата на постојниот магистрален гасовод минува на 0,12km западно од оваа локација.

Излезната струја I е еднаква на разликата меѓу струјата IS која ја генерира сончевото зрачење и струјата низ диодата Id :

$$I = I_s - I_d = I_s - I_o * (e^{q*u/k*t} - 1)$$

каде:

I_o - инверзна струја на заситување на диодата (A);

q = 1,6 · 10-19 C - количество на електричество на електрон;

U - напон на краевите на диодата (V):

k = 1,379 · 10-23 (J/0K) - Болцманова константа;

T - апсолутна температура на p - n спојот (0K);

За соларните ќелии се карактеристични два гранични режими на работа:

1) кога краевите на соларната ќелија се кусо врзани (што не ја оштетува ќелијата) низ диодата не тече струја, бидејќи целата генерирана струја I_S тече низ надворешното коло како струја на куса врска ($I_{KV} = I_S$);

2) кога краевите на соларната ќелија се отворени, тогаш струјата I = 0, а напонот на отворено коло изнесува:

$U_{OK}=(k*T/q)*\ln(I_S/I_O+1)$

Ако температурата изнесува T = 250C (која често се зема како стандардна), од претхофните релациии се добива облик:

$I = I_s – I_o * (e^{38,9*u} - 1)$

$U_O=0,0257 * \ln(I_S /(I_O+1))$

Со цртање на оваа I – U карактеристика се добива следниот приказ:



Слика: Еквивалентно коло на реална соларна ќелија

Реалните соларни ќелии, како извори на еднонасочна струја, имаат сопствена сериска отпорност RS која потекнува од отпорноста на p и n слоевите и отпорноста на електродите на ќелијата, и паралелна отпорност RP како резултат на одредени микродефекти и нечистотии во

самата ќелија. Земајќи ги предвид сите отпорности, еквивалентното коло на соларна ќелија може да се претстави како на следната слика, а изразите го добиваат овој облик:

$$I = I_S - I_d = I_S - I_0\left(e^{\frac{q(U+R_S \cdot I)}{kT}} - 1\right)$$

$$U_{OK} = \frac{kT}{q} ln\left(\frac{I_S}{I_0} + 1\right) - R_S I$$



Слика Еквивалентно коло на реална соларна ќелија

Фотонапонски (PV) модули и панели

Бидејќи соларната ќелија произведува напон од само околу 0,5 V, ретки се можностите за нејзина директна примена како поединечна ќелија. Затоа основен градбен блок за фотонапонски (соларни) системи е модул кој се состои од одреден број на сериски поврзани ќелии, сместени во куќиште отпорно на атмосферски влијанија. Типичен модул има 36 ќелии поврзани во серија, познат како "12 V модул" иако всушност произведува максимален напон од околу 17 V и струја 7 A. Стандардните изведби денес имаат 72 ќелии кои можат да бидат поврзани сериски и тогаш се декларирани како "24 V модул" или да имаат две паралелно поврзани низи од 36 ќелии кога формираат 12 V модул. Повеќе модули можат да се поврзат во серија за да се зголеми напонот или да се поврзат паралелно за да се зголеми струјата.

Во овој проект, панелите кои се избрани имаат спецификација од 6 групи по 12 ќелии во 2 паралели.

Одредена комбинација на паралелно и сериски поврзани модули формира панел, како на следната слика:



Слика Фотонапонска ќелија, модул и панел

Кај модулите поврзани во серија, вкупниот напон е сума на напоните на поединечните модули, а струјата е еднаква на струјата на модулот. Ако модулите се поврзат паралелно, тогаш се сумираат струите, а напонот останува ист. Кога сепотребни поголеми моќности, најчесто се прибегнува кон сериско- паралелнакомбинација на модули. Важен елемент при дизајнирањето на фотонапонските системи е одредување колкав број на модули треба да се поврзат паралелно, а колкав број сериски. При тоа, можни се два начини на поврзување прикажани на примерот од следната слика. И двете комбинации испорачуваат ист напон, иста струја и имаат иста заедничката I - U карактеристика. Сепак врската на сл.а има подобри експлоатациони карактеристики. На пример, ако од некои причини треба да се демонтира цела низа од модули, тогаш панелот од сл.а сé уште може да го напојува потрошувачот со потребниот напон (иако со намалена струја) што не е случај со панелот од сл. b ако од него се исклучи паралелна група од модули.



Слика Формирање на панел со сериско и паралелно поврзување на модули

Максимална моќност на соларна ќелија

Максималната струја која ја произведува соларната ќелија (или модул) е струјата на куса врска (I_{KV}) која се генерира кога краевите на ќелијата се кусоврзани (U = 0). Максималниот напон на ќелијата е напонот при отворено коло (U_{OK}) кој се јавува кога приклучоците се отворени (I = 0). Во двата гранични режими на работа, кога или напонот или струјата се еднакви на нула, соларна ќелија не може да испорачува моќност. Кога на краевите од соларниот модул е приклучен потрошувач чија импеданса не е нула, тогаш низ него ќе протече струја помала од I_{KV} при напон помал од U_{OK}, но нивниот производ (различен од нула) покажува дека модулот генерира некоја моќност. Различните работните режими најдобро се прикажуваат на струјно-напонска карактеристика на модулот (следна слика). Максимална моќност се постигнува во онаа точка на карактеристиката во која производот меѓу напонот и струјата е максимален (Pmax = Un * In на следна слика).

Во овој проект, панелите кои се избрани имаат спецификација од околу 13,12 А на куса врска.. Ова значи дека секој модул со по 41,95 V може максимално да произведе околу 550 W.

Односот Un * In / U_{OK} * I_{KV} е важна карактеристика и мерка за квалитетот на p – n спојот. Се нарекува фактор на пополнување (fill factor) и покажува колку соларната ќелија е блиску до идеалната, т.е. колкаво е влијанието на серискиот отпор врз ефикасноста на ќелијата.

$$F = Un * In / U_{OK} * I_{KV}$$

каде

F - фактор на пополнување

Факторот на пополнување кај модулите изработени од кристален силициум се движи помеѓу 70 - 75%, а за модули од повеќеслоен аморфен силициум 50 -60%.



Слика I - U карактеристика со оптимална точка на работа на соларна ќелија

Коефициент на корисно дејство на соларната ќелија се дефинира како однос помеѓу максималната моќност Pmax која ја произведува ќелијата и моќноста на сончевото зрачење кое паѓа на неа . При тоа, според меѓународни стандарди, дефинирани се стандардни услови на испитување: вредност на сончевото зрачење 1000 W/m2 (едно сонце) со спектрална дистрибуција која одговара на оптичка воздушна маса 1,5 (AM 1,5), температура на ќелијата 25^0C.

$$\eta = \frac{U_n \cdot I_n}{I_{SC} \cdot S} = \frac{F \cdot U_{OK} \cdot I_{KV}}{I_{SC} \cdot S}$$

каде:

I_{SC} - интензитет на сончевото зрачење врз соларната ќелија (W/m2);

S - површина на соларната ќелија;

Влијание на температурата и интензитетот на сончевото зрачење врз карактеристиките на соларната ќелија

Накусо, зголемувањето на температурата на соларната ќелија влијае неповолно, а зголемувањето на интезитетот на сончевото зрачење поволно влијае врз работата на соларната ќелија. Влијанието на температурата и сончевото зрачење најдобро може да се види од I - U карактеристиките на соларни модули. На следната слика се прикажани карактеристиките на

поликристалните модул. Може да се примети дека струјата на куса врска е директно пропорционална со интензитетот на сончевото зрачење. Ако зрачењето на пр. се намали за половина, во ист износ се намалува и струјата I_{KV}. Со намалување на зрачењето исто така се намалува и напонот на отворено коло U_{OK} , но тоа намалување е незнатно. Коефициентот на корисно дејство практично не зависи од интензитетот на зрачењето во вообичаен работен опсег на соларната ќелија (сончево зрачење меѓу 500 W/m2 - 1000 W/m2). Тоа значи дека ефикасноста на ќелијата е иста и при чисто небо и при облачно време, но излезната моќност е намалена заради намаленото зрачење.

Од следната слика се гледа дека зголемувањето на температурата на ќелијата значително го намалува напонот U_{OK}, а незнатно влијае врз I_{KV}. Според тоа, соларната ќелија работи подобро при ладно и чисто небо. За фотоволтаици од кристален силициум, напонот U_{OK} се намалува за 0,37% за секој степен на покачување на температурата, а со тоа се намалува и максималната оддадена моќност за 0,5%/^{0}C. Ова намалување е значајно и затоа влијанието на температурата треба да се зема предвид кога се оценуваат перформансите на соларните модули.



Слика I - U карактеристика на соларен модул

за различни температури и интензитет на зрачење

На температурата на соларната ќелија не влијае само промената на температурата на околината, туку и промената на сончевото зрачење. Познато е дека само мал дел од зрачењето во ќелијата се претвора во електрична енергија, а поголемиот дел во топлина. За да се земе предвид влијанието на температурата, производителите често наведуваат индикатор познат како NOCT кој всушност е температура во модулот, ако температурата на амбиентот е 20 ^{0}C, зрачењето 0,8 kW/m2, а брзината на ветерот 1 m/s. Температурата при други амбиентални услови се одредува од релацијата:

$T_{SC}=T_{amb} + ((NOCT-20)/0,8) * I_{SC}$

каде: T_{SC} - температура на соларната ќелија (^{0}C);

T_{amb} - температура на амбиентот (^{0}C);

I_{SC} - сончево зрачење (kW/m2)

Ефект на сенка и негово влијание врз карактеристиките на соларните модули

Излезната моќност на PV модул може да се намали драстично ако дел од модулот е во сенка од било која причина (сенка од околни објекти, облак и др.). Засенувањето дури и на само една ќелија поврзана во долга низа од ќелии може да ја преполови излезната моќност. Ефектот на сенка е прикажан на пример на соларен модул од n сериски поврзани ќелии, од кои една ќелија е претставена издвоено со својата еквивалентна шема (следната слика). Кога сите ќелии се осветлени, низ сите ќелии тече иста струја I, а напонот на краевите од модулот изнесува U (сл.под а).



Слика Влијание на засенувањето врз работата на соларен модул

Во случај n - та ќелија да се засени, заради инверзната поларизација на диодата, струјата низ диодата е нула. Тоа значи дека целата струја I низ модулот мора да помине низ отпорностите Rp и Rs од n - та ќелија, предизвикувајќи пад на напон и намалување на излезниот напон на модулот на U1 (сл. под б). Ако поедноставено се претпостави дека (n - 1) - та ќелија од модулот сé уште генерираат иста струја I при напон Un-1 , тогаш вкупниот напон ќе изнесува:

$U_1 = U_{n-1} – I * (R_p - R_s)$

Кога сите ќелии се осветлени, вкупниот напон пропорционално се распределува на секоја од нив, од каде:

$U_{n-1} = ((n-1)/n) * U$

Од претходната се добива:

$U_1 = ((n-1)/n) * U – I * (R_p - R_s)$

Падот на напон заради засенувањето на една ќелија изнесува:

$$\Delta U = U - U_1 = \frac{U}{n} + I(R_p + R_s) \cong \frac{U}{n} + IR_p \qquad (R_p \gg R_s)$$

Влијанието на засенувањето може најдобро да се види на I - U карактеристиките на соларниот модул за двата режими на работа (следната слика):



Слика Ефект на сенка врз I - U карактеристиката на соларен модул

Ако PV модул составен од повеќе ќелии има отпорност на секоја ќелија Rp и Rs. Ако целиот модул е осветлен тој генерира струја I при напон U. Ако една ќелија се засени да пресметаме колкав напон и моќност произведува модулот во тој случај и колкава моќност се троши на засенетата ќелија. Претпоставка е дека струјата не се менува.

Падот на напон на модулот ќе изнесува:

$\Delta U = U/n + I * R_p$

Напонот и моќноста што ги произведува модулот се:

$U_1 = U - \Delta U$

Моќноста која се троши на засенетата ќелија ќе биде:

$P_{ќелија} = U_{ќелија} * I = I * (R_p + R_s) * I$

Целата моќност која се троши на засенетата диода се претвора во топлина, што може да предизвика локално загревање и оштетување на модулот.

Претходниот пример покажува колку драстични се последиците од засенување на дел од соларниот модул. Ублажување на ваквите негативни ефекти може да се постигне, со паралелно поврзување на секоја ќелија, со т.н. диода за премостување (бај-пас диода) како што е прикажано

на следната слика. Кога целиот модул е осветлен, оваа диода не спроведува струја, но ако ќелијата е во сенка, падот на напон на ќелијата ја вклучува, овозможувајќи струјата да тече низ диодата наместо низ отпорностите. Кога е во проводна состојба, на диодата се губи само околу 0,6 V што е далеку помалку отколку падот на напон на засенета ќелија без бај-пас-диода (ΔU = 14,14 V од претходниот пример). На тој начин значително се ублажува негативниот ефект на сенка.



Слика Приклучување на бај-пас диода заради намалување на ефектот на сенка

Премостувањето на секоја ќелија од соларниот модул со бај-пас диода е непрактично и во пракса на се користи. Наместо тоа, се користи една диода за цел модул, или неколку диоди за премостување на група ќелии во рамките на еден модул. Иако овие диоди немаат големо влијание врз ефектот на сенка кај поединечен модул, играат важна улога кога повеќе модули се поврзани во серија. Влијанието на премостувањето на цел модул со бај-пас диода е прикажано на следната слика на која се дадени I - U карактеристики за низа од пет модули кога: 1) целиот панел е осветлен;

2) две ќелии од еден модул се во сенка;

3) две ќелии од еден модул се во сенка со вклучена една бај-пас диода за цел панел.

Се гледа дека, ако при напон од 65 V целосно осветлен панел генерира околу 3,3 A, кога ќелиите од едниот модул се засенети, таа струја опаѓа дури за 1/3 (околу 2,2 A), а со вклучена бај-пас диода негативното влијание на засенувањето е минимално.



Слика Влијание на бај-пас диода врз работата на соларен панел

ГЕО ИНГ ДОО Делчево
Ул.ММ Брицо бр. 41 тел. 033 411 770

Материјали и технологија за изработка на соларни ќелии

Развојот на технологијата на изработка на соларните ќелии во голема мера се должи на брзиот развој на индустријата за полупроводници, која скоро целосно се заснива на силициумот како најважен материјал. Силициумот, како основна состојка на кварцот, е лесно достапен и широко распространет материјал во природата. Не е токсичен и не гради соединенија кои се штетни по човековата околина. Од тие причини, технологијата за добивање на соларни ќелии врз база на кристален силициум сé уште е доминантна на пазарот. Освен силициумот за изработка на соларна ќелија може да се искористат и десетина други полупроводнички материјали (германиум, Ge; галиум-арсенид, GaAs; индиум- осфид, InP; кадмиум-сулфид, CdS; кадмиум-телурид, CdTe; алуминиум- нтимонид, AlSb; галиум-фосфид, GaP; кадмиум-селенид, CdS и др.). Денес технологијата базирана на кристален силициум и покрај постојаните усовршувања и многубројни истражувања насочени кон заштеда на материјал и потрошувачката на енергија, ја достигнува својата зрелост и тешко може да се очекува нејзин натамошен позначаен напредок . Една од можностите за заштеда се состои во замена на кристалниот силициум со некој од тенкослојните материјали (пр. аморфен силициум, кадмиум-телурид, бакар-индиум-диселенид и др.). Тенкослојните материјали и технологии припаѓаат на втората генерација на соларни ќелии. Иако често има мислења дека тенкослојните технологии не ги исполниле очекувањата, понатамошните истражувања на поедини материјали и нивната примена во повеќеспојните соларни ќелии, покажуваат дека постои можност за зголемување на нивната ефикасност. Во последно време значително се зголемува и застапеноста на тенкослојните соларни ќелии на пазарот. Третата генерација на соларни ќелии се темели врз нови технологии и концепти кои воглавно се насочени кон искористување на целиот спектар на сончевото зрачење и кон намалување на загубите во соларните ќелии во облик на топлина. Развојот на новите материјали врз основа на нанотехнологија отвараат можност за користење на познати материјали во нови структури и практична реализација на некои од овие концепти.

Постојат неколку критериуми според кои се категоризираат фотоволтаиците. Една од нив е поделбата според дебелината на полупроводникот. Конвенционалните соларни ќелии од кристален силициум се релативно дебели (200 - 500 μm). Алтернативен пристап во производството се тенкослојни фотоволтаици со дебелина 1 - 10 μm. Според тоа каква е физичката структура на материјалот се прави поделба на: монокристални, поликристални и аморфни фотоволтаици. Монокристалните материјали формираат голема кристална структура, додека поликристалите се состојат од голем број на мали, меѓусебно поврзани, кристални зрна со димензии 1 μm до неколку mm. Зрнестата структура создава транзитни области помеѓу моно-кристалните гранули и може да биде причина за структурни дефекти кои влијаат врз ефикасноста на ќелијата. Аморфните материјали имаат неуредена и неправилна структура. Натамошна поделба е можна според тоа дали p и n регионите на полу- проводникот се направени од ист материјал на пр. силициум или p - n спојот е направен од различни материјали и образува т.н. хетероген фотоволтаик. На пример, една од хетерогените комбинации кои најмогу ветуваат користи кадмиум сулфид (CdS) за формирање на n регионот и бакар- ндиум-диселенид (CuInSe2) за p регионот од p - n спојот. Во таа насока се изведбите во форма на повеќеспојни соларни ќелии (познати и како каскадни или тандем ќелии). Кај нив, наместо еден p - n спој се формира структура од неколку p - n споеви од различни материјали. Притоа, првиот полупроводник има поголема ширина на забранета зона и го апсорбира делот од зрачењето со пократки бранови должини, а го пропушта делот од спектарот со помали енергии. Следните споеви имаат сé помала забранета зона дизајнирана така да се искористи најголемиот дел од сончевиот спектар. На овој начин може да се постигне многу висока ефикасност.

Во овој проектен опис нема да ги изложуваме сите материјали и технологии но ќе се задржиме

на Пиликристалниот Силициум бидијќи тоа е изборот за оваа изведба.

Поликристален силициум

Трошоците за изработка на кристалната прачка (ингот) чинат голем дел од вкупните трошоци за производство на соларните ќелии. Еден од начините за поекономично производство е користење на технологија за изработка на поликристален силициум која наместо скапото извлекување на монокристал користи постапка на лиење на силициумот. Растопен силициум се влева во графитен правоаголен лонец каде со контролирано ладење се добива блок од поликристален силициум со зрнеста структура. Големината на кристалните зрнца е со димензии од неколку милиметри. Овие блокови понатаму се сечат на плочки и се обработуваат на ист начин како и кај монокристалниот силициум. Заради технологијата на изработка, поликристалниот силициум има повеќе структурни дефекти и нечистотии, што ја намалува ефикасноста на соларната ќелија. Во однос на техниката на Чохралски, поликристалниот силициум има неколку предности: поефтин и побрз процес на производство, помала осетливост на квалитетот на суровината, покомпактно сложување на ќелиите во модул заради правоаголниот облик. Коефициентот на корисно дејство им е 2-3% помал во споредба со монокристалниот силициум. Производството на соларни ќелии од поликристален силициум е најбрзо растечки сегмент на фотонапонската индустрија, така да денес покрива околу 55% од производството на PV модули. Заеднички недостаток на производството на моно и поликристален силициум е потребата од сечење на кристалните шипки или блокови при што се губи значаен дел од материјалот (дебелината на резот е поголема од дебелината на плочката). Затоа се развиени повеќе различни техники за изработка без сечење, но најмногу се користат: метод на пораст на лента со дефинирани рабови (edge-defined film-fed growth, EFG), метод на пораст на лента на подлога (ribbon growth on substrate, RGS), SSP метод (Silicon sheet from powder), метод на дендритно умрежување и др. Во EFG процесот, од растопениот силициум се извлекува повеќестрана призма (следната слика) при што се користи графитен калап кој го дефинира обликот на лентата. Брзината на производство е 2-3 cm/min. Добиените кристали се сечат на плочки чија дебелина е 250 - 300 μm. Ефикасноста на вака добиените ќелии е нешто помала од монокристалните ќелии и во лабараториски услови се движи до 18%, а комерцијални ќелии до околу 14%.



Слика Извлекување на поликристал со дефинирани рабови

Поради високата цена и долгата постапка на производство на монокристален силициум, како и големите загуби на материјалот при сечењето на силициумските монокристални инготи на плочки, се правеле обиди за директно добивање на монокристални плочки од силициум или добивање на монокристален силициум во вид на лента. Но, поголем успех во обидите за добивање на тенки плочки од монокристален или поликристален силициум не е постигнат. Затоа сеуште поликристалниот силициум преовладува во квалитетните изведби.

Фотонапонски системи

За да може електричната енергија добиена од соларните модули практично да се искористи, потребни се и дополнителни уреди кои овозможуваат прилагодување на работата на соларниот модул со потрошувачите. Сите тие заедно формираат фотонапонски систем. Фотонапонските системи можат да работат самостојно или поврзани со дистрибутивната електрична мрежа. Кога работаат самостојно, можат да работаат автономно или како хибридни системи. Хибридните системи покрај фотонапонскиот систем вклучуваат уште некој друг извор на електрична енергија (ветерна електроцентрала, дизел генератор и др.).

Фотонапонските системи кои работат заедно со електрична мрежа, како во случајот на оваа изведба (следната слика) се релативно едноставни. Покрај фотонапонскиот (соларен) панел, содржат само инвертор во кој е интегиран и контролен уред. Еднонасочната струја од соларниот панел, во инверторот се претвора во наизменична и, со прилагоден напон, се води до потрошувачите кои се напојуваат двострано. Во периодите кога соларниот панел произведува помалку моќност од потребите, контролниот уред ја вклучува и електричната мрежа како резервен извор, така да потрошувачката на електрична енергија е секогаш задоволена. Во пориодите кога панелот произведува вишок на електрична енергија, вишокот го превзема електричната мрежа. Контролниот уред ја прилагодува работата на фотонапонскиот панел со променливата потрошувачка така да работната точка на I - U карактеристиката биде најблизу до точката на максимална моќност (точката Максимална моќност на соларна ќелија).



Слика Принципиелна шема на фотонапонски систем поврзан со дистрибутивна мрежа

Фотонапонските системи поврзани на мрежа имаат низа поволни карактеристики:

• Едноставност, доверливост и ниска цена;

• Можност за интегрирање во постоечката архитектура на објектите и на постоечката електрична инсталација без дополнителни трошоци за земјиште;

• Нема потреба од локални акумулатори на енергија бидејќи дистрибутивната електрична мрежа е резервен извор на енергија;

• Во објекти со многу клима уреди, дневниот максимум на потрошувачката се совпаѓа со максималната моќност на сончевото зрачење. Така, фотонапонскиот систем генерира максимална моќност кога е најпотребно и така го смалува вршното оптоварување во мрежата;

Од друга страна, тие треба да бидат конкурентни со релативно ниската цена на електричната енергија од дистрибутивната мрежа. Самостојните фотонапонски системи се одвоени од дистрибутивната електрична мрежа и целата енергија се генерира локално.

Режими на работа на фотонапонски модул

Со поврзување на осветлен соларен модул и потрошувач, низ колото ќе протече струја чија вредност зависи како од I - U карактеристиката на модулот, така и од I-U карактеристиката на потрошувачот. Режимот на работа т.е. работната точка на колото е пресечната точка на овие две криви (следна слика):



Слика Одредување на работна точка на соларен модул и потрошувач

Фотонапонски модул поврзан на активен (омски) потрошувач

На следната слика е прикажан едноставен пример на соларен модул кој напојува омски потрошувач. Во овој случај I - U карактеристиката на потрошувачот е права линија со косина 1/R. Моќноста која ја прима потрошувачот зависи од неговата отпорност и ќе биде максимална само при вредност Rn = Un /In каде Un и In се напон и струја кои одговараат на точката на максимална моќност (MPP на следната слика).



Слика Фотонапонски модул поврзан со омски потрошувач

На следната слика е прикажано како се менува работната точка на потрошувач со константна отпорност во зависност од интензитетот на сончевото зрачење. Потрошувачот бил димензиониран да работи во точка на максимална моќност при одредено ниво на зрачење (1000 W/m2 на сл. 2.57). Со промена на интензитетот на зрачење, работната точка сé повеќе отстапува од оптималната, така да модулот работи со сé помала ефикасност.



Слика Промена на ефикасноста на соларен модул во зависност од нивото на сончевото зрачење

Трагач на максимална моќност

Најефикасна работа на фотонапонски систем се постигнува ако тој секогаш работи во близина на колената на својата I - U карактеристика, без разлика на интензитетот на сончевото зрачење или промените во оптоварувањето кај потрошувачите (MPP точките на сл. 2.57). Од тие причини фотонапонски системи, воглавно, се опремени со уред познат како трагач на максимална моќност (MPPT, maximum power point tracker) кој овозможува оптимална работа на системот при различни работни режими. За таа намена се користи истосмерен-истосмерен претворач кој напонот што го генерира соларниот модул го прилагодува на потрошувачот, така да пренесената моќност е максимална. Ваквите електронски склопови се релативно едноставни, а нивната работа базира на новите генерации на енергетски транзистори (FET, IGBT) кои тука се користат како едноставни прекинувачи. Поедноставена шема на ваков претворач е прикажана на следната слика каде транзисторот е прикажан како прекинувач со кого управува логички склоп.



Слика Примена на DC/DC претворач како дел од трагач на максимална моќност

Принципот на работа се заснива на брзо вклучување и исклучување на прекинувачот (транзистор) со фреквенција од редот на 20 kHz. Кога прекинувачот е вклучен (заради инверзната поларизација на диодата), целата стуја од соларниот модул ќе тече низ индуктивитетот L зголемувајќи ја неговата магнетна енергија. Кога прекинивачот е исклучен, акумулираната магнетна енергија се претвора во електрична предизвикувајќи течење на струја

низ потрошувачот, а дел низ кондензаторот С. Ако циклусот на вклучување и исклучување е доволно брз, а индуктивитетот и кондензаторот доволно големи, може да се постигне струјата низ индуктивитетот и напонот на кондензаторот да бидат приближно константни. Со анализа на колото од претходната слика може да се покаже дека важи релацијата:

$$Ui / Uo = -(D / (1 – D))$$

каде: Ui , Uo - напон на соларниот панел и на потрошувачот (V);

D - траење на напонска состојба во однос на вкупното траење на циклусот на вклучување и исклучување на прекинувачот (r.e)

На пример, ако D = 1/3, напонот на модулот ќе биде редуциран на половина. Актуелните трагачи на максимална моќност, покрај DC/DC претворачи имаат и микропоцесор кој управува со циклусот на вклучување и исклучување на тој начин што циклусот периодично се зголемува и намалуваат за мал износ, а истовремено се следи излезната моќност за да се види дали се постигнати подобрувања.

За системот кој е предмет на овој проект, Трагачот на максимална моќност е во склоп на Инверторот и ќе се искористат неговите можности.

Технички карактеристики на целосен фотонапонски систем(електроцентрала)

Фотонапонските системи поврзани на електрична мрежа, како што беше кажано, се состојат од три главни составни делови: соларен панел, котролор на моќност и инвертор (сл.„Принципиелна шема на фотонапонски систем поврзан со дистрибутивна мрежа “). Последните два обично се интегрирани во еден уред. Појдовна точка при дефинирање на перформансите на системот е соларниот модул со неговата номинална еднонасочната моќност (Pdc) дефинирана при стандарни услови на испитување: зрачење од едно сонце (1000 W/m2), AM 1,5 и 250C температура на соларните ќелиите (т. „Максимална моќност на соларната ќелија“). Излезната наизменична моќност на целиот панел која реално е на располагање при полно сончево зрачење (Pac) е секако помала и може да се одреди како:

$$Pac = \Sigma\ Pdc * \eta_{систем}$$

каде: Σ Pdc - вкупна моќност на целиот панел добиена како збир на номиналните моќности на поединечните модули;

$\eta_{систем}$ - коефициент кој ги вклучува загубите во инверторот, загуби заради начистотија на модулите, несовпаѓање на карактеристиките на модулите и променети амбиентални услови;

Соларните панели, и кога се декларирани за иста номинална моќност и ист напон на отворено коло, немаат исти I - U карактеристики. Тоа има за последица вкупната моќност на целиот панел да биде помала од збирот на моќностите на поединечите модули. Загубите заради ваквото несовпаѓање на карактеристиките изнесуваат неколку проценти. Поголемо влијание врз намалувањето на моќноста има температурата на соларната ќелија. Во соларниот панел, ќелиите работаат на температура која е доста повисока од 25^0C, при што за секој покачен степен, моќноста опаѓа за 0,5% (т. „Влијание на температурата и интензитетот на сончевото зрачење врз карактеристиките на соларната ќелија “).

На крајот, треба да се земе предвид и ефикасноста на инверторот која зависи од оптоварувањето. За моќности поголеми од 15-20% од номиналната моќност на инверторот, ефикасноста е скоро константна и се движи околу 90%. Така на пример, ако соларен панел има

декларирана номинална моќност од 1 KW при стандардни тест услови, и ако се претпостави дека работната температура на соларните ќелии во панелот е 54^0 C, загубите заради несовпаѓање на модулите 3%, загубите заради наталожена нечистотија 4%, а ефикасноста на инверторот е 90%, тогаш излезната наизменична моќност ќе изнесува:

P_{ac} = 1kW * [0,005 * (54 * 25)] * 0,97 * 0,96 * 0,90 = 0,72 W

Според некои направени испитувања на фотонапонски системи кои работеле во реални услови, излезната моќност се движела помеѓу 53-75% од номиналната моќност на модулите. Проценката на карактеристиките на фотонапонскиот систем ги вклучува техничките карактеристики на соларниот панел и инвертор и локалните податоци за нивото на глобално сончево зрачење (изразено како дневна енергија на зрачење по единица површина, kWh/m^{2}ден). Практична интерпретацијата на овој податок всушност покажува колку т.н. "вршни " часови во текот на денот сонцето треба да зрачи со моќност од 1 kW/m^2 (едно сонце) за да се постигне вкупната дневна енергија на зрачење на одредена локација. На пример, ако дневната енергија на сончево зрачење изнесувала 5 kWh/m^2 · ден, може да се сфати дека сонцето тој ден зрачело само 5 "вршни" часови со полн интензитет од 1 kW/m^2. Тогаш, познавајќи ја корисната излезна моќност Рас на некој фотонапонски систем при зрачење од 1 kW/m^2 , лесно се одредува дневната електричната енергија која може да се добие од некој фотонапонски систем:

$E = P_{ac} * t_{вршни}$

На тој начин, со систематизирани пресметки можат да се добијат дневните, месечни и годишни енергии кои можат да се очекуваат од некој фотонапонски систем поставен на одредена локација. Тука се прикажани проценети податоци за електричната енергијата која може да се добие од фотонапонски систем поставен во с. Град, во наредните точки во проценка за локалните Климатски услови и Енергетскиот биланс.

Предмет:

– Изведбата на системот се планира во КО Градец Општина Крива Паланка по барање на Солар ТИН ДООЕЛ Крива Паланка која ке биде со со намена Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ во КО Крива Паланка Општина Крива Паланка.

– ***Фотонапонската постројка ќе биде составена од 14544 фотонапонски модули со поединечна моќност од 550Wp.***

– Поради оптимална искористеност на електричната опрема и каблирањето во плацот се предлага иаведба на систем во 900 групи.

– Во 1702 групи има по 12-26 фотонапонски панели, кои ќе бидат поставени на носечка метална конструкција, на средна висина од 1,8 метри над земјата. На овој начин површината околу фотонапонските панели може да се користи и за други намени, нема да пречи на нормално движење низ плацот, а ќе придонесе и за сенка во топлите денови.

– На едно група има по 12-26 панели инсталирани на по 6-13 метални столба на набиени во земјата

– Сите група на панели ке бидат поврзани на трифазен инвертор и контролно – управувачка електроника. На овој начин производството на струја драстично ќе се зголеми, а рентабилноста и надежноста на соларниот систем расте.

– Од спојниот ормар преку разводниот мерен ормар на ЕВН, струјата произведена од

фотонапонската електроцентрала се предава на дистрибутивниот систем на напонско ниво од 3 X 0,4 KV.

– Во овој проект, панелите кои се избрани имаат спецификација од 6 групи по 12 ќелии во 2 паралели. . Целиот модул со шест групи дава 41,95 V.

– Во овој проект, панелите кои се избрани имаат спецификација од околу 13,12 A на куса врска. Ова значи дека секој модул со по 41,95 V може максимално да произведе околу 550 W (661 W по спецификации).

– Каблите што ќе се користат во проектот треба да се од највисок квалитет и норми и користење на соларни кабли.

Функција: Фотонапонските панели ќе бидат инсталирани на типизирани монтажни самоносечки метални конструкции и ги задоволуваат потребните параметрите за инсталација на фотонапонската електроелектроцентрала. Металната конструкција е бојадисана со еколошка заштитна боја.
Фотонапонските панели: Проектираната конструкција од челични профили, со димензии во основа 8 цм * 4 цм со максимална кота 2,30m (највисока, средна е 1.8m) во однос на теренот, на која се инсталираните фотонапонски панели монтирани на метални рамки.

Конвенционалниот соларен панел, наречен соларен модул, поради претходно искажаното содржи голем број на ќелии. Тој исто така содржи и заштитен покривен слој на стакло и слој од анти-рефлексивна облога. По електродите кои се на горната и долната површина од модулот и по полупроводничкиот слој електроните може да патуваат. Електричниот полнеж произведен од фотонапонската светлина е заробен од горната електрода се враќа во соларната ќелија преку долната електрода.

Капацитетот на фотоволтаичните панели кои се предмет на овој проект е 550Wp со оптимален капацитет на производство на електрична енергија во најдобри услови на работење. Типот нафотоволтаичните ќелии, коишто ќе се применат во Проектот, е Longi solar, модел LR5-72 HIH 550 M изработени од поликристален силициум и се со поединечна моќност од 550 W. Ќелиите на панелот од долната страна се заштитени со полимерна маса, а од горната со специјално калено стакло со зголемен ефект на самочистење.

Предностите на овој тип на фотоволтаични ќелии се следните:

– Поликристалната соларна ќелија со високи перформанси со ефикасност на модулот околу 23.77%;
– Доколку работи со 80% од минимално проценетата излезна моќност(најчесто во реални услови), тогаш има 25 годишна гаранција за работа;
– Доколку работи со 90% од минимално проценетата излезна моќност, тогаш има 10 годишна гаранција за работа;
– Идеални димензии на модулот за да се минимизираат трошоците на монтирање;
– Цврста некородирачка алуминиумска рамка и калено стакло за отпорност на силни удари и заштита од град, снег, мраз и невреме;
– Мала тежина на модулот за полесно монтирање.

Модулите се произведени од Longi Solar и се сертифицирани со ISO 9001:2000- Систем за управување со квалитет и ISO 14001:2004-Систем за управување со

животна средина.

Модулите се сертифицирани и одобрени од агенции за квалитет и меѓународно потврдување како UL, CE, TUV и IEC.

Детални податоци за модулите кои се предлагаат за инсталирање се дадени на следниот графички приказ:



Изборот на фотонапонската конверзија за добивање на дополнителна електрична енергија во регионот на Општина Крива Паланка е направен поради следните предности на овие системи:
• директно претворање на сончевото зрачење во електрична енергија со еден физички процес;
• работа базирана исклучиво врз електроника, без било какви подвижни делови;
• отсуство на било какви продукти кои би ја загадувале животната средина;
• долг век на траење
• едноставна конструкција и занемарливо мала маса од која е направен генераторот.

Фотонапонските системи, се релативно едноставни. Покрај фотонапонскиот (соларен) панел, содржат само инвертор во кој е интегиран и контролен уред (контролор на моќност). Еднонасочната струја од соларниот панел, во инверторот се претвора во наизменична и со прилагоден напон, се води до потрошувачите преку трафостаница и постоечка електроенергетска мрежа.

Изборот на фотонапонски систем, којшто ќе биде поврзан на постоечката електроенергетска мрежа е направен поради следните поволни карактеристики

• Едноставност, доверливост и ниска цена;
• Можност за интегрирање во постоечката електрична инсталација без дополнителни трошоци за земјиште;
• Нема потреба од локални акумулатори на енергија бидејќи дистрибутивната електрична мрежа е резервен извор на енергија.

Откако ќе се инсталира системот, тој ќе го дополни и во одредени случаи и разубави пределот.

Фотоволтаичните инсталации, вообичаено вклучуваат редови од фотоволтаични модули или панели, изменувачки уред-инвертер и жица за интерконекција. Фотоволтаичниот ред е збир

од фотоволтаични модули, кои се направени од повеќекратно поврзани соларни ќелии, кои директно ја конвертираат соларната енергија во електрична енергија. Моќноста која може да ја произведе еден модул не е доволна да ги задоволи барањата на проектот, заради тоа модулите се поврзани заедно да формираат ред/низа. Фотоволтаичните редови користат изменувачки уреди-инвертори за да ја конвертираат еднонасочната струја, која е продуцирана во модулите во наизменична, така што ќе може да се вклучи во постоечката електроенергетската мрежа. Модулите во фотоволтаичните редови најпрво се поврзуваат сериски, со цел да се добие потребната волтажа, а потоа индивидуалните жици се поврзуваат паралелно со цел системот да продуцира повеќе струја. Излезната моќност од соларните редови се мери во Wp.

Изменувачот(инверторот) е електричен уред, кој директно ја изменува еднонасочната струја во наизменична. Добиената наизменична струја може да има различна волтажа и фрекфенција со употреба на соодветни трансформатори, прекинувачи и контролни струјни кола.

Електричниот изменувач е високомоќен електронски осцилатор. Истиот се нарекува така бидејќи со него се конвертира механичката наизменична струја во еднонасочна и обратно.

Одржувањето на соларните ќелии е лесно и не бара посебни стручни знаења и опрема. фотонапонската енергија се акумулира без бучава и загадување на околината. Производството на електрична енергија во соларни ќелии ги елиминира загадувањата на воздухот за околу 90% во однос на генерирање на иста количина на електрична енергија со употреба на фосилни горива.

Климатски услови(на локацијата)

За овој простор досега не е работен урбанистички план. Планскиот опфат кој е предмет на изготвување на Локалната урбанистичка планска документација е во рамките на Просторниот план на Република Македонија, донесен во 2004 год. Условите за планирање исклучиво се базираат врз Просторниот план на Република Македонија.

ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие опфаќаат: географска и геопрометна положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

-Географски податоци До планскиот опфат ќе се приоѓа преку пристапен пат од јужната страна.

-Релјефни услови, наклон и експозиција на терените Локацијата која е предмет на оваа Локална урбанистичка планска документација се наоѓа во , општина Крива Паланка и е на релативно рамен дел, на надморска височина од околу 700,00м.

-Сеизмички карактеристики Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до 90 по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

-Климатски и микро-климатстски услови на регионот Ова подрачје е под влијание на умерено континентална клима. Тука се судруваат континенталната клима од север и медитеранската од југ, чие влијание е ослабено. Основни карактеристики се остри и влажни зими како и суви и жешки лета. Теренот е изложен на западни ветрови. Со најголема честина е западниот ветар од 196‰, па северозападниот ветар со честина од 175‰, источниот 116‰, југоисточниот 77‰, северниот 51‰, јужниот 50‰, југозападниот 41‰ и североисточниот со честина од 22‰. Температурата во рамничарскиот дел се движи од 120С до 130С. Најтопли месеци се јули со просечна температура од 23,50С која поедини години има отстапување. Август е со скоро иста температура просечно 23.10С, а во поедини години отстапува од просекот. Најстуден месец е јануари со просечна месечна температура од 1,40С, во поедини години има отстапки од просекот. Апсолутната максимална температура воКУМАНОВО изнесува 40,10С, додека апсолутната минимална годишна температура изнесува -210С. Мразниот период изнесува 139 дена, а бројот на денови со снег е 13. Магливи денови има 12. Просечно годишно има 117 ведри денови, 162 облачни и 87 тмурни денови. Релативната влажност на воздухот изнесува просечно годишно 72%. Просечно годишно паѓаат 423,8 мм врнежи, и тоа нај врнежлив месец е ноември (49,7), а најсушен е август (21,1мм).

18

-Пејсаж и природни ресурси Подрачјето на рамничарски дел, без некои поголеми особености на категорија на предел со природни, пејсажни карактеристики.

ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ И НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

-Намена на просторот - содржини Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички Проект(УП) за изградба на фотонапонска соларна електроцентрала – Е1.13 во општина Крива Паланка, нема регистрирано постојни градби, односно простор од планскиот опфат е неизградено земјиште. Сообраќајната и комунална инфраструктура се делумно изведени.

Пристапот до планскиот опфат е преку пристапен пат.
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
-Градежен фонд Во планскиот опфат нема постојна градба .
-Сообраќај Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа во подрачјето на КО Крива Паланка, општина Крива Паланка. Пристапот до планскиот опфат е преку пристапен пат.
-Зеленило Во планскиот опфат нема зеленило.
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ
Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита согласно Закон за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14 и 104/15 и 154/15, 192/15, 39/16).
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
Во границите на планскиот опфат нема изведена комунална инфраструктура.
Водоснабдување
Во границите на планскиот опфат нема изведена водоводна мрежа.
Одведување на отпадните води Во границите на планскиот опфат нема изведена канализациона мрежа.
Наводнување на обработливи површини Во границите на планскиот опфат нема системи за наводнување.

Електроенегетска и телекомуникациска инфраструктура и јавно осветлување Електроенергетска инфраструктура Во границите на планскиот опфат нема изведена електо мрежа. Телекомуникациска инфраструктура Во границите на планскиот опфат нема изведена телекомуникациска инфраструктура. Јавно осветлување Нема инсталација за јавно осветлување во рамки на планскиот опфат.
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ СО ПРАВЕН СТАТУС
Во границата на планскиот опфат нема изградена градба.
АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
Освен во Просторниот план на Република Македонија, овој локалитет односно плански опфат, досега не е третиран во ниедна планска документација.
АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
Анализата покажува дека на локалитет, односно планскиот опфат за кој се изработува Локална урбанистичка планска документација, нема изграден градежен фонд ниту има изградена комунална инфраструктура, така што оваа урбанистичка документација предвидува плански концепт кој максимално ќе ги почитува просторните природни и создадени услови и ќе овозможи просторен развој, преку изградба на соодветна супра и инфраструктура која ќе се вклопи со постојната состојба на локацијата за многу повисоко ниво на услуги. Анализата на можностите за просторен развој го условува планирањето кое треба да биде сегментирано и базирано врз:
• приоритети и потреби;
• корелативни повеќедисциплински меѓусебни условености;
• комплементарност;
• економска исплатливост.
Во дефинирање на планскиот концепт важни се следните критериуми исцрпени од анализата на просторот:
• Дефинирање на сообраќајната мрежа за потребите на просторот со заштита на животната

средина;
• Рационално планирање на земјиштето со утврдување големина на градежна парцела;
• Задоволување на современите норми за работа во рамките на важечките норми за урбанистичкото планирање;
• Оформување на простор за содржини за магацин со придружни содржини со компатибилни намени;
• Условување на сообраќајната инфраструктура за безбеден пристап до планскиот опфат;
• Условување на пешачкото движење во функција на инвалидизирани лица, без бариери;
• Условување на потребите за паркирање да се решаваат во сопствената парцела,
20
• Задоволување на потребите од енергија (електроенергија) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
• Поврзување на градбите на инфраструктурната мрежа за телекомуникациски услуги;
• Задоволување на потребите од водоснабдување (санитарна и техничка вода, за поливање и противпожар) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
• Адекватно и рационално прифаќање на отпадните води (фекални и атмосферски одделно) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
• Соодветен третман на фекалните и другите отпадни води;
Анализата на можностите за просторен развој го издвојува следното:
• Поврзаност на планскиот опфат со град Крива Паланка и околината преку системот на секундарна и примарна сообраќајна мрежа;
• Можноста за поврзување на инфраструктурните водови
Анализата покажува дека на овој локалитет е можна реализација на Фотонапонска соларна електроцентрала.

ГЕО ИНГ ДОО Делчево
Ул.ММ Брицо бр. 41 тел. 033 411 770

Технички опис

За изведба на Фотонапонската електроелектроцентрала со моќност од 7999 KW ќе се инсталираат 2336 фотонапонски модули со поединечна моќност од 550 Wp.на објект со намена Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ на Крива Паланка

Поради карактеристичната форма на плацот, системот ќе се изведува во 900 стринга се состојат од по 16-26 панела Секоја група која влегува во еден инвертор има по 10-12 стринга врзани во серија. Напоните од стринговите доаѓаат во соодветниот инвертор.

Инвертори ќе бидат 80 броја од по 100 киловати од производителот GROWATT.

Сите тие се монтирани на метална самосточки конструкции и каблите излегуваат од цевкатате па се собираат во стринговите(сноповите од кабли). Панелите се монтираат во редови од правец југ, под оптимален агол од 25°.

Од спојниот ормар преку разводниот мерен ормар на ЕВН, струјата произведена од фотонапонската електроцентрала се предава на дистрибутивниот систем на напонско ниво од 3 x 0,4 KV.

Електрично поврзување

Електрична мрежа

Берово е поврзано со електроенергетскиот систем на Република Македонија преку далноводот во Крива Паланка.

Покриеност со електрична енергија: 100%

А. ДАЛНОВОД

Реден број		Сопствени (m)	Туѓи (m)	Вкупно (m)
1	110 kV Далновод	72000		72000
2	35 kV Далновод	21500	12000	33500
3	10 kV Далновод			140000
4	Нисконапонска мрежа	290000		290000
5	Приклучоци	130000		130000
	СЕ ВКУПНО:	513500	12000	525500

Извор: ЕСМ, Подрачна единицаКУМАНОВО

ГЕО ИНГ ДОО Делчево
Ул.ММ Брицо бр. 41 тел. 033 411 770

Б. ТРАФОСТАНИЦИ

- 110 ТС 10/0,4 kV
- 2 ТС 110/35/10 kV
- 1 ТС 35/10 kV

Годишна потрошувачка на електрична енергија во општината: 25MWA
Специфична потрошувачка: 385 кWh/жител.
Цена средна: 4,61 денар/kWh електрична енергија

Карактеристики за специфичното електрично поврзување на Солар ТИН ДООЕЛ Крива Паланка:

Сите 14544 фотонапонски панели електрично се поделени на 900 независни групи . Произведената струја од секоја подгрупа се носи со посебен кабел со пречник од мин 6 мм2 до соодветниот инвертор монтиран на подножјето на системот. Употребените панели се производ на *Longi solar*, модел LR5-72 HIH 550 M изработени од поликристален силициум и се со поединечна моќност од 550 W. Ќелиите на панелот од долната страна се заштитени со полимерна маса, а од горната со специјално калено стакло со зголемен ефект на самочистење.

Поврзување со мрежата на ЕВН:

Од собирницата во систем салата каде се спојуваат напоните од трите инвертори, збирниот напон се носи до излезното спојно ормарче на ЕВН, каде преку четири квадрантно броило се предава на дистрибутивниот систем на мрежата.

Заземјување:

Фотонапонските панели се заземјени преку нивните алуминиумски рамки и се поврзани со металната носечка конструкција на секое дрво(столб со рамка за четири панела).

Заземјувањето на секој сегмент од конструкцијата ќе биде изведено во вид на прстен околу целата зафатена површина на теренот, со помош на поцинкувана лента. Заради дополнително подобрување на одводноста на заземјувачите прстените меѓусебно ќе бидат поврзани со дополнителна поцинкувана метална лента.

Громобранска инсталација и заштитно заземјување

Целта на оваа задаче е да се предвиди монтажа на инсталацијата за заштита од атмосферски празнења – Громобранска заштита. Заштитата од атмосверски празнења ќе биде по принцип на Френклинов стап(класчна метална шипка со шилец на врвот), со соодветен број на вертикални метални шипки. Сите вертикални метални шипки да видат поврзани на заштитнит заземјувач на постројката.

Да се изведе мрежесто Заштитно заземјување во склад со важечкие прописи и стандарди. Заштитното заземјување да се изведе на целата површина на постројката.

Да се изврши заземјување на целокупната метална опрема од фотобапонската постројка, фотонапонски модули, куќишта на инверторите, столбови и конструкција на фотонапонските панели и нисконапонската опрема.

Заземјување и громобран

Гарантираниот животен век на фотонапонските системи на производство на електрична енергија е 25 години, нивната изведба и инсталација на отворен простор, како и чувствителната

електроника на инверторите бараат ефикасни заштитни мерки од атмосверски празнења и пренапони. Поради барањата за инсталација на фотонапонските панели на голем простор, готоанпонските системи се особено загрозени од атмосферски празнења за време на грмотевици. Причина за пренапони во фотонапонските системи се: индуктивни и капацитативни напони кои можат да се појават како последица на директни и индиректни атмосферски празнења, преоптеретувања во мрежата и/или пренапони предизвикани од работата на прекинувачите(вклучување/исклучување) во енергетскиот систем на кој е приклучена фотонапонската електрана. Пренапоните кои се пренесуваат во фотонапонскиот систем можат сериозно да ги оштетат фотонапонските панали и инверторите. Ова може да доведе до сериозни последици на функционирањето на системот. Прво, високи трошоци за поправка(целосна замена на панали и инвертори) и второ, оштетување и неисправност на фотонапонскиот систем може да резултира со значително намалување на профитот на еператорот на фотонапонскиот систем – намалено производство на електрчна енергија.

Фотонапонската постројка за производство на електрична енергија – сончева електрана ќе се штити од атмосверски празнења со поставување на надворешна громобранска заштита.

Громобранската инсталација е решена според важечките постоечки стандарди за изведени заземјувачи: точка МКС Н.Б4.901 до точка МКС Н.Б4.950 и како такви се задолжителни за изведувачот.

Системот за прифаќање е поставен по целата површина на постројката за производство на електрична енергија – фотонапонски панели, со користење на Френклинов стап - класична метална шипка со шилец на врвот, фиксиран во бетонски постамент вкопан во земја на длабочина 0,8m. Френклиновиот стап во случајов претставува одвоен спроводник кој треба да ја спроведе струјата на атмосверското празнење во земја.

Како громобрански заземјувач, кој воедно ретставува и заштитен заземјувач, се користи челично поцинкувана лента FeZn 30x4 mm. , поставено во форма на мрежа – низ од правоаголници со димензии 3700 x 5100 mm. Меѓусебно поврзани. На овој начин се постигнува поголемо изедначување на потенцијалот во целиот објект и истовремено се остварува добра галванска врска на елементите на фотонапонскиот систем со тлото(земјиштето).

Металните шипки и заземјувачот, треба да претставуваат непрекината галванска целина, за да се оствари квалитетна громобранска инсталација и заштитно заземјување на целиот објект.

Заштитното заземјување е изработено според барањата во проектната програма. Целокупната опрема вградена во објектот, која во нормални услови не е под напон, е галвански поврзана со целокупниот систем на заземјување. Притоа водено е сметка да во случан на доземен спој, наопнот на допир и напонот на чекор не е поголем од законски пропишаните 65V.

Заземјувањето на сите изложени метални делови на опремата(тракери, носачи на фотонапонски панели, столбови и шини на кои се поставени, метални ормари за сместување на инверторите и др.) од постројката се врши со бакарни јажиња со пресек 16mm^2. На краевите на овие бакарни јажиња се поставуваат кабел папучи кои потао меанички се прицврстуваат на изложените метални делови на вградената опрема. Кај одредени метални делови(метална шипка за прифаќање на атмосверски празнења, челична поцинкувана лента и сл.) споевите се вршат со машински завртки, парчиња за вкрстување или заварување.

Системот за громобранска заштита е димензиониран согласно пресметки соодветни за теренот. За истиот по изведувањето, треба да се изврши мерење и издавање на атест од овластена фирма.

За секоја поголема измена на горенаведеното, изведувачот на работите да постапи според позитивните прописи за ваков вид на електрични инсталации, а за поголеми измени да се консултира проектантот.

ГЕО ИНГ ДОО Делчево
Ул.ММ Брицо бр. 41 тел. 033 411 770

Цртежи(електрични шеми)

СОСТАВИЛ

деи Љубомир Петровиќ



ПРОЕКТАНТ
ГЕО ИНГ ДОО ДЕЛЧЕВО
ул. М М Брицобб Делчево
e-mail: geoing_delcevo@t-home.mk

овластен проектант: дги Ангелчо Ивановски

НАЗИВ НА ОБЈЕКТОТ:	Фотонапонска централа
ИНВЕСТИТОР:	Солар ТИН ДООЕЛ Крива Паланка
ЛОКАЦИЈА:	КО Градец Општина Крива Паланка
СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ:	СИТУАЦИЈА

РАЗМЕР 1:50

Hi-MO 5m

LR5-72HPH
525~550M

- Based on M10-182mm wafer, best choice for ultra-large power plants
- Advanced module technology delivers superior module efficiency
  - M10 Gallium-doped Wafer
  - Smart Soldering
  - 9-busbar Half-cut Cell
- Excellent outdoor power generation performance
- High module quality ensures long-term reliability



12 12-year Warranty for Materials and Processing

25 25-year Warranty for Extra Linear Power Output

Complete System and Product Certifications

IEC 61215, IEC 61730, UL 61730
ISO 9001:2008: ISO Quality Management System
ISO 14001: 2004: ISO Environment Management System
TS62941: Guideline for module design qualification and type approval
OHSAS 18001: 2007 Occupational Health and Safety

LONGi

Hi-MO 5m

LR5-72HPH 525~550M

21.5%	0~+5W	<2%	0.55%	HALF-CELL
MAX MODULE EFFICIENCY	POWER TOLERANCE	FIRST YEAR POWER DEGRADATION	YEAR 2-25 POWER DEGRADATION	Lower operating temperature

Additional Value

25-Year Power Warranty









Mechanical Parameters

Cell Orientation	144 (6×24)
Junction Box	IP68, three diodes
Output Cable	4mm², positive 400 / negative 200mm length can be customized
Glass	Single glass, 3.2mm coated tempered glass
Frame	Anodized aluminum alloy frame
Weight	27.2kg
Dimension	2256×1133×35mm
Packaging	31pcs per pallet / 155pcs per 20' GP / 620pcs per 40' HC

Electrical Characteristics

STC : AM1.5 1000W/m² 25°C Test uncertainty for Pmax: ±3%

Power Class	525	530	535	540	545	550
Maximum Power (Pmax/W)	525	530	535	540	545	550
Open Circuit Voltage (Voc/V)	49.05	49.20	49.35	49.50	49.65	49.80
Short Circuit Current (Isc/A)	13.65	13.71	13.78	13.85	13.92	13.98
Voltage at Maximum Power (Vmp/V)	41.20	41.35	41.50	41.65	41.80	41.95
Current at Maximum Power (Imp/A)	12.75	12.82	12.90	12.97	13.04	13.12
Module Efficiency(%)	20.5	20.7	20.9	21.1	21.3	21.5

Operating Parameters

Operational Temperature	-40°C ~ +85°C
Power Output Tolerance	0 ~ +5 W
Voc and Isc Tolerance	±3%
Maximum System Voltage	DC1500V (IEC/UL)
Maximum Series Fuse Rating	25A
Nominal Operating Cell Temperature	45±2°C
Protection Class	Class II
Fire Rating	UL type 1 or 2

Mechanical Loading

Front Side Maximum Static Loading	5400Pa
Rear Side Maximum Static Loading	2400Pa
Hailstone Test	25mm Hailstone at the speed of 23m/s

Temperature Ratings (STC)

Temperature Coefficient of Isc	+0.048%/°C
Temperature Coefficient of Voc	-0.270%/°C
Temperature Coefficient of Pmax	-0.350%/°C

LONGi

Floor 19, Lujiazui Financial Plaza, Century Avenue 826, Pudong Shanghai, China

Tel: +86-21-80162606

Web: en.longi-solar.com

Specifications included in this datasheet are subject to change without notice. LONGi reserves the right of final interpretation. (20201231V12)

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

ПОДАТОЦИ, ИНФОРМАЦИИ И МИСЛЕЊА ОД ИНСТИТУЦИИ

13 Јануари 2025 година

Арх. број 09 – 12/2

До АТРИУМ СТУДИО ШТИП

Предмет: Податоци и информации,
Доставува-.
Врска: Ваш акт број 0302-3/25-2 од 10.01.2025 година
Број на постапка 67837 (е_урбанизам)

Согласно член 47 став (1) и (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20), **Подрачното одделение за заштита и спасување Крива Паланка** д о с т а в у в а

Податоци и информации

За изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW, за ГП 1 на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6606, КП 6634, КП 6603 и КП 6586 КО Градец, општина Крива Паланка.

1. **На опфатот од проектот** нема објекти и инсталации од областа на заштитата и спасувањето. Немаме сознанија за присуство на неексплодирани убојни средства.
2. **Заштита и спасување од пожари**

Да се предвидат законските мерки за заштита и спасување од пожари.

3. **Заштита и спасување од поплави**

Регулирање на атмосферските води.

4. **Заштита и спасување од урнатини**

Да се предвидат законските мерки за заштита и спасување од урнатини.

5. **Заштита и спасување од свлечишта**

Да се превземат потребни испитувања за стабилноста на земјиштето и да се превземат потребни мерки за заштита од свлечишта.

Подготвил: Бранислав Јовевски

Branislav Jovevski
Digitally signed by Branislav Jovevski
Date: 2025.01.13 15:20:00 +01'00'

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Раководител на ПОЗС Крива Паланка
Митко Ангеловски

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Крива Паланка
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Kriva Pallankë

ул. „Свети Јоаким Осоговски бр.175
Република Северна Македонија
Rr. "Shen Joakim Osogovski" 175
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 31376744
www.dzs.gov.mk
Krivapalanka@dzs.gov.mk

ЈП„КОМУНАЛЕЦ"-КРИВА ПАЛАНКА
Адреса:Крива Паланка„„Илинденска"бр.17
Телефон и факс:031-375 100Директор;375-747Комерција
Жиро сметка 320-1000050418-Централна Кооперативна Банка-Скопје
Жиро сметка 210-040270350130Тутунска Банка
Жиро сметка:240-3500013189-69Уни Банка
Е.Д.Б.МК4015989100876

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ "КОМУНАЛЕЦ" КРИВА ПАЛАНКА
15-08-90/2

До
АТРИУМ СТУДИО

Предмет: Одговор на Ваше барање на податоци, информации и мислења

Почитувани,

Во врска со Ваше барање со бр. 0302-3/25-2 од 10.01.2025г. за доставување на податоци и информации ,за постоење на наши инсталации за потребите за изготвување на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НАМЕНА Е1.13–ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТАНИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, ЗА ГП 1 НА КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6606, КП 6634, КП 6603 и КП 6586 КО ГРАДЕЦ, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА,** Ве известуваме дека ЈП „Комуналец "- Крива Паланка нема водоводна и канализациона инсталација.

Со почит,

Изготвил
Мирјана Додевска
М. Додевска

Одобрил
Раководител на сектор
Валентина Велевска
В. Велевска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ КОМУНАЛЕЦ КР. ПАЛАНКА 1

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-55/4 – 13 **од** 22.01.2025 год
Скопје

Одговорно лице: Марко Бирачоски

Контакт телефон: +389 72 933 219

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,
Во врска со Вашиот допис број 0302-3/25-2 од 10.01.2025 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НАМЕНА Е1.13–ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТАНИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, ЗА ГП 1 НА КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6606, КП 6634, КП 6603 и КП 6586 КО ГРАДЕЦ, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Birachoski Marko
Digitally signed by Birachoski Marko
Date: 2025.01.24 09:57:35 +01'00'


Tuzla400kV
85090310
85090300
85092960
85090290
85092910
85092920
85090280
85092930
85092940
85090270
85092950
85090260
85092960
85092970
85090250
85092980
85090240
85090230
85092990
85090220
85093000
85090210
85093010
85090200
85093020
85090190
85093030



Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

ул. Булевар Стевче Аџиевски Кочо Рацин бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3118 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

Бр.-Nr. 08 - 1071/2

13.01 2025 год.-viti.

Скопје-Shkup

До: **Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска**: Барање податоци и информации,** ваш бр. 0302-3/25-2 од 10.01.2025 година

Согласно вашето Барање податоци и информации, ваш бр. 0302-3/25-2 од 10.01.2025 година, за изготвување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НАМЕНА Е1.13–ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТАНИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, ЗА ГП 1 НА КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6606, КП 6634, КП 6603 и КП 6586 КО ГРАДЕЦ, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат **има** изградено магистрална гасоводна мрежа.

Напомена: За добивање на позитивно мислење, ве обврзуваме да изработите и приложите:

1) **Елаборат за електромагнетни влијанија (врз магистралниот гасовод) на инсталациите од предвидените површински соларни и фотоволтаични електрани**
2) **Проект за армирано бетонска заштита на гасоводната цевка на местото на пресекот со тампонираниот пат..**

За да не дојде до несакани последици по луѓето и околината, при отпочнување со градежни работи ве советуваме да побарате надзор од НОМАГАС АД Скопје (лице за контакт: Иван Трајковски 071-672-426). Копањето во заштитниот појас 3,5м лево и десно од гасоводната цевка треба да биде рачно и под надзор на НОМАГАС АД Скопје

Во прилог ви испраќаме:
- ажурирана подлога (dwg. Формат) на кој е вцртан Магистрален гасовод со надолжен профил.

Со почит,

Изготвил:
Анита Тевдовска дипл.инж.арх.
Постапка:
67837

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева


5771
6569
6558
6575
5770
6538
6557
6576
5769
5768
6553
6554
6540
6539
6542
6552
6577
5767
5764
5763
6543
6556
6555
6578
6546
6547
6548
6541
6551
6498
6499
6496
6495
6494
6493
6492
6491
6489
6488
6487
6550
6549
6588
6587
6589
5760
5758
5757
5759
5761
10147/1
5762
5755
5754
6591
6756
6593
6590
6592
6594/2
6594/1
6595
6599
6602
6600
6601
6586
6579
6485
6486
6581
6583
6585
6580
6582
6634
6635
6640
6636
6633
6607
6608
6637
6632
6638
6631
6609
6630
6629
6611
6612
6610
6613
6614/1
6628
6618
6617
6614/2
6615
7061
5730
5737
5739
5740
5671/1
5738
6604
6606
6603
5741
5742
5743
5667
5668
5670
5669
10147/1
5673
5735
5734
5732
5731
5724
5723
5721
5722
5713
5711
5720
5715
5716
5585
5588
5587
5586
5616
5612
5613
6558
6538
6557
6576
6553
6554
6540
6539
6542
6552
6577
6543
6556
6555
6578
6546
6547
6548
6541
6551
6498
6499
6496
6495
6494
6493
6492
6491
6489
6488
6487
6550
6549
6588
6587
6589
6591
6593
6590
6592
6594/2
6594/1
6595
6599
6602
6600
6601
6586
6579
6485
6486
6581
6583
6585
6580
6582
6634
6635
6640
6636
6633
6607
6608
6637
6632
6638
6631
6609
6630
6629
6611
6612
6610
6613
6614/1
6628
6618
6617
6614/2
6615
7061
5730
5737
5739
5740
5671/1
5738
6604
6606
6603
5741
5742
5743
5667
5668
5670
5669
10147/1
5673
5735
5734
5732
5731
5724
5723
5721
5722
5713
5711
5720
5715
5716
5585
5588
5587
5586
5616
5612
5613
5771
6569
6558
6575
5770
6538
6557
6576
5769
5768
6553
6554
6540
6539
6542
6552
6577
5767
5764
5763
6543
6556
6555
6578
6546
6547
6548
6541
6551
6498
6499
6496
6495
6494
6493
6492
6491
6489
6488
6487
6550
6549
6588
6587
6589
5760
5758
5757
5759
5761
10147/1
5762
5755
5754
6591
6756
6593
6590
6592
6594/2
6594/1
6595
6599
6602
6600
6601
6586
6579
6485
6486
6581
6583
6585
6580
6582
6634
6635
6640
6636
6633
6607
6608
6637
6632
6638
6631
6609
6630
6629
6611
6612
6610
6613
6614/1
6628
6618
6617
6614/2
6615
7061
5730
5737
5739
5740
5671/1
5738
6604
6606
6603
5741
5742
5743
5667
5668
5670
5669
10147/1
5673
5735
5734
5732
5731
5724
5723
5721
5722
5713
5711
5720
5715
5716
5585
5588
5587
5586
5616
5612
5613

MALI HIDROELEKTRANI
ЕМК д.о.о.е.л. Мали хидроелектрани

До
Агенција за просторно планирање
на Р. Северна Македонија

Скопје, 14.01.2025

Предмет:
Известување во врска со постапка за издавање на услови за планирање бр. 67837

Почитувани,

Како иницијатори за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, намена Е1.13 на КП 6579, 6585, 6550, 6587, 6601, 6606, 6634, 6603 и 6586, КО Градец, општина Крива Паланка, со број на постапка 67837, би сакале да Ве известиме за следното:

Од страна на изработувачот на Урбанистичкиот проект - Студио Атриум ДОО Штип, бевме информирани дека од Ваша страна било побарано мислење од надлежна институција за планиниран нафтовод АМБО, кој поминува низ предложениот опфат на Урбанистичкиот проект.

Од страна на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини бевме информирани дека конкретниот проект е на ниво на меморандум потпишан од страна на Владата во 2007 година, дека во изминатиот период немало конкретни активности за негова реализација и дека не постои конкретна институција/претпријатие во државата која е надлежна за истиот.

За сите дополнителни информации Ви стоиме на располагање.

Со почит,

Самоил Целески, Управител

ЕМК Д.О.О.Е.Л. МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ
Бул. „Пајак“ 2а, 1000 Скопје;
Тел. 02/ 2403 373
E-mail: emk@energy-eastern.eu
Web:http://www.energy-eastern.eu

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

АТРИУМ СТУДИО

ул. Ванчо Прќе бр. 119

Штип

Бр.11-105/1

14.01.2025

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.0302-3/25-2 од 10.01.2025 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 10.01.2025 година со број на постапка 67837 (наш број 11-105 од 10.01.2025 година) за податоци и информации потребни за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW, за ГП 1 на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6606, КП 6634, КП 6603 и КП 6586, КО Градец во Општина Крива Паланка, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2025.01.14 14:43:10 +01'00'

По овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

Наш број: 1404-999/2
Скопје: 09 .04.2025 г.

ДО:
СТУДИО АТРИУМ ДОО ШТИП
ул.„Ванчо Прќе“ бр. 119
Штип

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваш број : 0302-3/25-2 преку е-урбанизам

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НАМЕНА Е1.13– ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТАНИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, ЗА ГП 1 НА КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6606, КП 6634, КП 6603 и КП 6586 КО ГРАДЕЦ, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА,** према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска
Раководител на сектор:Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 67837
Дата: 10.01.2025

До
Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн
СТУДИО АТРИУМ ДОО ШТИП
Ул. Ванчо Прќе Бр. 119, Штип

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Тони Илиевски, Мица Цониќ-Кепевска

Телефон +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НАМЕНА Е1.13–ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТАНИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, ЗА ГП 1 НА КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6606, КП 6634, КП 6603 и КП 6586 КО ГРАДЕЦ, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

Pero Gjorgjevski
Digitally signed by Pero Gjorgjevski
Date: 2025.01.13 09:25:29 +01'00'

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија-Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup
БР./Nr. 20-987/2
21-01-2025 20 год./vit
Skonje-Shkup

До

СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип
ул. „Ванчо Прќе" бр.119

Предмет: Одговор на Барање

Во врска со Вашиот допис со 0302-3/25-2 од ден 10.01.2025 година и број на постапка 67837 од Е-урбанизам со кој барате податоци и информации, а кои Ви се потребни за изработка на **„УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НАМЕНА Е1.13–ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТАНИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, ЗА ГП 1 НА КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6606, КП 6634, КП 6603 и КП 6586 КО ГРАДЕЦ, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА"**, Ве известуваме за следното:

По разгледување на Вашето барање и доставената ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје.

Со почит,

Помошник Директор за пруги

Зоран Стојанов

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура • Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore • Железници на Република Северна Македонија - Скопје • Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Изработил: Емре Есад
Проверил: Ѓорѓи Пушев
Согласен: Дритон Руси

Ул. Јордан Мијалков бр. 50-б, 1000 Скопје. П. фах 543 | Тел. +389 (0) 23 227 903 | Факс: +389 (0) 22 462 330
Rr. Jordan Mijalkov nr. 50-b, 1000 Shkup, K. Postal 543 | Tel. +389 (0) 23 227 903 | Faks: +389 (0) 22 462 330
www.mzi.mk | e-mail:info@mzi.mk

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

Бр. 17 – 199/2
20-01-2025 2025 година
Скопје

ДО
СТУДИО АТРИУМ доо Штип
ул. „Ванчо Прќе" бр.119
2000 ШТИП

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање бр. 0302 – 3/25-2 од 10.01.2025 година.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW, за ГП 1 на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6606, КП 6634, КП 6603 и КП 6586, КО Градец, општина Крива Паланка,** Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека на подрачјето на предметниот проект се наоѓа поголема концетрација на археолошки локалитети - ***добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.***

Поради тоа Ве упатуваме да контактирате со **НУ Национален конзерваторски центар – Скопје** како надлежна установа за заштита на културното наследство да извршат увид во границите на предметниот проект и да се произнесат со стручно мислење во врска со предвидената активност.

Потребните податоци од аспект на заштита на културното наследство во врска со член 65 од Законот за заштита на културно наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) е потребно да се вградат во проектната документација.

Со почит,

в.д. Директор,
Весела Честоева

Изработил: З. Тодоровски
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска
16.01.2025г

Република Северна Македонија
НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
IN QENDRA NACIONALE E KONSERVIMIT - SHKUP
Republic of North Macedonia
NI NATIONAL CONSERVATION CENTER OF CULTURAL HERITAGE - SKOPJE

Del.br. 08-134/4
Data: 19.03 20 25
Ref. Nº _____
Date: _____ 20___

СТУДИО АТРИУМ доо – ШТИП
Ул. „Ванчо Прќе“ бр. 119
2000 Штип

Предмет: Доставување Извештај од извршен увид

Почитувани,

Врз основа на доставено Барање изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW за ГП на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6608, КП 6634, КП 6634, КП 6603 и КП 6586, КО Градец, Општина Крива Паланка.

Со почит,

в.д. Директор,

м-р Цветанка Хаџи Пецова

Изготвил: м-р Марина Димитровска
Одобрил: Мирјана Топузоска

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 08-134/4
19.03 2025 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

ИЗВЕШТАЈ

од извршен увид во плански опфат за изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW за ГП на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6608, КП 6634, КП 6634, КП 6603 и КП 6586, КО Градец, Општина Крива Паланка

Врз основа на Барање за податоци и информации (Бр. 0302-42/25-1 од 18. 02. 2025год.) од страна на АТРИУМ СТУДИО - Штип за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW за ГП на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6608, КП 6634, КП 6634, КП 6603 и КП 6586, КО Градец, Општина Крива Паланка,** НУ Конзерваторски центар – Скопје, формираше тим (Решение бр 08 – 134/2 од 10. 03. 2025 година) во состав:

- м-р Марина Димитровска, археолог, виш конзерватор – раководител
- м-р Љуиза Невзати, диа, виш конзерватор - член
- Дејан Станоев, арх. техничар – член

На ден 17. 03. 2025 година беше извршен увид на лице место на предметната локација.

Согласно извршениот увид, доставената документација: Ажурирана геодетска подлога со нанесен плански опфат кој е предмет на изработка на урбанистичкиот план (dwg и pdf форма) и Мислење од Управата за заштита на културно наследство бр. 17- 199/2 од 20. 01. 2025 год., и расположливата документација од НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, Стручниот тим го констатираше следното:

Во границите на планскиот опфат за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW за ГП на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6608, КП 6634, КП 6634, КП 6603 и КП 6586, КО Градец, Општина Крива Паланка,** нема евидентирано културно наследство ниту пак може да се препознаат други до сега неевидентирани културни добра и покрај детална теренска проспекција,.

НАПОМЕНА:

Доколку при изведба на градежни земјоделски или други работи, се дојде до предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е дожен да постапи согласно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство („Службен весник на

Република Македонија“ бр. 20/04, 71/04 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 164/13, 38,14, 44/14, 199/14, 104/15; 154/15; 192/15)., изведувачот е должен веднаш да ги сопре работните активности и за настанатата ситуација да ја извести надлежната институција односно НУ Национален конзерваторски центар - Скопје.

Изготвил,

м-р Марина Димитровска,
археолог, виш конзерватор

м-р Љуиза Невзати,
диа, виш конзерватор

НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

фотодокументација







Општина **Крива Паланка**	нас. место **с. Градец**	Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW за ГП на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6608, КП 6634, КП 6634, КП 6603 и КП 6586, КО Градец, Општина Крива
Снимено **дигитално**	дата: **17.03.2025 г.**	
снимил **м-р Марина Димитровска**		Опис:
обработил:	**м-р Марина Димитровска**	
референт:	**м-р Марина Димитровска**	

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 14-2667/2
Датум: 13-06-2025 2025 година

До: АТРИУМ СТУДИО, Штип
Ул. Ванчо Прќе бр.119, Штип

Предмет: Мислење
Врска: Ваш број 0302-146/25-2 од 04.06.2025 година

Почитувани,

Во врска со вашиот допис кој се однесува на барање на мислење во врска со изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW, за ГП1 на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, КП 6606, КП 6634, КП 6603 и КП 6586, КО Градец, општина Крива Паланка, ве известуваме дека Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини од аспект на надлежностите за наведениот плански опфат не располага со податоци, информаци и проектни решенија.

Воедно, во врска со изработка на предметниот Урбанистички проект, Ве упатуваме да обезбедите податоци од Електродистрибуција ДООЕЛ кој поседува лиценца за вршење на дејност дистрибуција на електрична енергија, АД МЕПСО како носител на лиценца за пренос на електрична енергија и Номагас АД, Скопје како носител на лиценца за пренос на природен гас.

Со почит,

Министер за енергетика,
рударство и минерални суровини

Сања Божиновска
Сања Божиновска

Изработил: Симона Симоновска С. Симоновска
Контролирал: Магдалена Даскалова
Согласен: Горан Јовановски

Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. Македонија бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.ea.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Општина КРИВА ПАЛАНКА
Бр.29-3588/2
10.06.2025 **год.**
КРИВА ПАЛАНКА

До
ДГАПИД„Студио Атриум“ ДОО Штип
ул. „Ванчо Прќе“ бр.119
Штип

Предмет: **Известување**
Врска: Ваш акт број 0302-147/25-2 од 04.06.2025 година

Почитувани,

Во врска со барањето за податоци и информации доставено во Општина Крива Паланка зеведено под број 29-3588/1 од 10.06.2025 година за локалитетот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW, за ГП 1 на КП6579, КП6585, КП6550, КП6587, КП6601, КП6606, КП6634, КП6603 и КП6586 КО Градец**, **Општина Крива Паланка**, Ве известуваме дека локалитетот не се наоѓа во ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ, ЛУПД, ДУПД за Општина Крива Паланка.

Бараниот опфат го пресекува магистралниот гасовод, граничи со одобрен Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8MB) на КП5680, 5682, 5683, 5684, 5685, 5686, 5687, 5688, 5689, 5701, 5703, 5715 , 5716, 5719 и 5720 КО Градец Општина Крива Паланка со Потврда број 29-1502/4 од 25.03.2024 година, го опфаќа постоечки земјан пат (кој ја поврзува населба Мизовски ливади со останатите делови од с.Градец) за кој во општината има Осовен проект, кој е претходно изработен и не е одобрен, нема урбанистички дел и истиот не може да се земе во предвид, бидејќи е потребна нова техничка документација за спроведување на постапка согласно законот за урбанистичко планирање и крак од постоечки земјан пат за пристап до парцели и за опфатот има одобрена иницијатива со број 29-5342/1 од 28.10.2024 година со забелешка дека Барателот на иницијативата има обезбедно Изјава-согласност со број узп12689/2024 за земјаниот пат од сопствениците на катастарските парцели (каде поминува патот) за непречен пристап до останатите катастарски парцели се додека не се донесе проектна документација за пат.

Изготвил:
диа Иван Велиновски

Одобрил:
Раководител,
диа Маја Костадиновска

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски

www.krivapalanka.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина КРИВА ПАЛАНКА
Бр.29-2701/3
21.05.2026 **год.**
КРИВА ПАЛАНКА

До
ДГАПИД„Студио Атриум“ДОО Штип
ул. „Ванчо Прќе“ бр.119
Штип

Предмет: **Известување**
Врска: Ваш број 0302-119/26-2 од 29.04.2026 година
Наш број 29-2701/1 од 21.05.2026 година

Почитувани,

Во врска со барањето за мислење доставено во Општина Крива Паланка зеведено под број 29-2701/1 од 21.05.2026 година за Предлог Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW за г.п.1 на к.п.бр.6579, к.п.бр.6585, к.п.бр.6550, к.п.бр.6587, к.п.бр.6601, дел од к.п.бр.6606, дел од к.п.бр.6634, дел од к.п.бр.6603 и к.п.бр.6586 во КО Градец, Општина Крива Паланка со техн.број ПП-У-48/24 чиј инвеститор е ЕМК ДООЕЛ МАЛИ ХИДРОЦЕНТРАЛИ Скопје Ве известуваме дека Комисијата за урбанизам издаде Мислење со број 29-2701/2 од 21.05.2026 година.

Во прилог:
-Мислење со број 29-2701/2 од 21.05.2026 година.

Со почит.

Изготвил:
диа Иван Велиновски

Одобрил:
Раководител,
диа Маја Костадиновска

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски

☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-2701/2
21.05.2026 **год.**
КРИВА ПАЛАНКА

Комисијата за урбанизам при Општина Крива Паланка формирана од градоначалникот со Решение број 08-6042/1 од 06.11.2025 година согласно член 38 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) се состана на ден 21.05.2026 година и ја разгледа Предлог Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW за г.п.1 на к.п.бр.6579, к.п.бр.6585, к.п.бр.6550, к.п.бр.6587, к.п.бр.6601, дел од к.п.бр.6606, дел од к.п.бр.6634, дел од к.п.бр.6603 и к.п.бр.6586 во КО Градец, Општина Крива Паланка со техн.број ПП-У-48/24 чиј инвеститор е ЕМК ДООЕЛ МАЛИ ХИДРОЦЕНТРАЛИ Скопје по поднесено барање заверено во архива во Општина Крива Паланка со број 29-4874/1 од 21.08.2025 година, согласно Записник со број 29-2662/2 од 21.05.2026 година, Комисија за урабанизам и го даде следното

М И С Л Е Њ Е

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW за г.п.1 на к.п.бр.6579, к.п.бр.6585, к.п.бр.6550, к.п.бр.6587, к.п.бр.6601, дел од к.п.бр.6606, дел од к.п.бр.6634, дел од к.п.бр.6603 и к.п.бр.6586 во КО Градец, Општина Крива Паланка со техн.број ПП-У-48/24 чиј инвеститор е ЕМК ДООЕЛ МАЛИ ХИДРОЦЕНТРАЛИ Скопје и **констатираа дека низ дадениот проектен опфат поминува земјан пат кој служи како пристап до соседните катастарки парцели и е СОГЛАСНА постапката за донесување на ПП да продолжи со услов инвеститорите во иднина да не го поречуваат движењето низ патот и да не вршат оградување на тој дел од ГП**. Ова како услов да биде вградено во Проектната програма (графика и текстуален дел) и во Урбанистичкиот Проект во точките: Проектно решение, Детални услови за проектирање и градење (динамички, стационарен сообраќај...) и посебните услови за градење од текстуалниот дел, да се означи јасно во графичките прилози и соодветно да се утврдат површините за градење кои јасно и недвосмислено ќе ја заштитат проточноста на постојниот земјен пат.

Комисија за урбанизам

1. Маја Костадиновска, диа Maja Kostadinovska Digitally signed by Maja
2. Стефан Лазаревски, диа Stefan Lazarevski
3. Драгана Штерјова, диа DRAGANA ShTERJOVA
4. Кире Велески, диа Digitally signed by Kire Veleski
5. Иван Велиновски, диа Ivan Velinovski Digitally signed

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • Општина КРИВА ПАЛАНКА

☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА,
ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НАМЕНА Е1.13–ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТАНИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, ЗА ГП 1 НА КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, дел од КП 6606, дел од КП 6634, дел од КП 6603 и КП 6586, КО ГРАДЕЦ, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) изработена е Проектна програма за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НАМЕНА Е1.13–ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТАНИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, ЗА ГП 1 НА КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, дел од КП 6606, дел од КП 6634, дел од КП 6603 и КП 6586, КО ГРАДЕЦ, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА.**

1. ПРЕДМЕТНА ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМАТА

- **Опфат на проектната документација** /површина и должина/

Проектната програма треба да овозможи отпочнување на изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, дел од КП 6606, дел од КП 6634, дел од КП 6603 и КП 6586 во КО Градец, Општина Крива Паланка.

Иницијатор на изработка на Урбанистичкиот проект е заинтересирана странка која има потреба за формирање на градежна парцела на која ќе може да се реализира изградба на фотоволтаични електрани.

Изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет над 1MW на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, дел од КП 6606, дел од КП 6634, дел од КП 6603 и КП 6586, КО Градец, Општина Крива Паланка, ќе се одвива во рамките на границата на проектниот опфат.

За урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план нема изготвувано претходна урбанистичка документација. Со таа цел за предметниот проектен опфат издадени се **Услови за планирање на просторот наменети со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Градец, Општина Крива Паланка со тех. Бр. Y50524, издадени со Решение со арх.бр. 15-852/2 од 11.03.2025 година и Решение за исправка на техничка грешка со арх.бр. 15-852/3 од 13.03.2025 година.**

Вкупната површина на предвидениот опфат за која се добиени Услови за планирање на просторот изнесува **6 ha[1], со моќност над 1MW.**

Во непосредна близина на предметниот проектен опфат се наоѓа опфатот на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште (со моќност од 8МВ) на КП5680, 5682, 5683, 5684, 5685, 5686, 5687, 5688, 5689, 5701, 5703, 5715, 5716, 5719 и 5720, КО Градец, Општина Крива Паланка донесен со Потврда бр. 29-511/15 од 10.03.2023 год. за кој е издаден Извод од план од страна на Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура Одделение за урбанизам и заштита на животна средина при Општина Крива Паланка со број 29-2331/2 од 29.04.2026 год.

Површината на проектниот опфат за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план намена Е1.13–површински соларни и фотоволтаични електани со капацитет над 1MW, за ГП 1 на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, дел од КП 6606, дел од КП 6634, дел од КП 6603 и КП 6586 КО Градец, Општина Крива Паланка изнесува **53 576,31 м^2 = 5.3 ха.**

Предвидениот опфат е дефиниран со следните координатни точки:

X=7607911.58	Y=4674580.79
X=7607913.54	Y=4674581.96
X=7607916.15	Y=4674583.36
X=7607926.28	Y=4674592.87
X=7607921.65	Y=4674612.81
X=7607922.28	Y=4674630.50
X=7607898.00	Y=4674622.35
X=7607881.96	Y=4674625.83
X=7607886.40	Y=4674642.87
X=7607892.41	Y=4674653.64
X=7607870.47	Y=4674654.82
X=7607865.86	Y=4674669.11
X=7607849.95	Y=4674681.89
X=7607823.22	Y=4674687.46
X=7607822.39	Y=4674697.57
X=7607828.05	Y=4674719.86
X=7607823.79	Y=4674720.56
X=7607824.05	Y=4674730.13
X=7607826.10	Y=4674749.10
X=7607813.72	Y=4674754.30
X=7607800.57	Y=4674763.45
X=7607790.53	Y=4674781.51
X=7607802.12	Y=4674791.63
X=7607808.84	Y=4674796.26
X=7607825.36	Y=4674804.88
X=7607842.56	Y=4674811.99
X=7607854.38	Y=4674817.35
X=7607874.33	Y=4674824.13
X=7607870.37	Y=4674832.25

X=7607862.32	Y=4674841.37
X=7607859.11	Y=4674846.43
X=7607855.01	Y=4674856.91
X=7607852.92	Y=4674872.37

Површина која ја опфаќа опишаната граница изнесува 53 576,31 м^2= 5.3 ха.

Опфатот е дефиниран со следните граници:

- од исток граничи со КП 6588, КП КП 6593, КП 6600, КП 6602, КП 6598, КП 6605, КО Градец;
- од југ граничи со КП 5671/1, дел од КП 6606, дел од КП 6603 и дел од КП 6634, КО Градец;
- од запад граничи со КП 6580, КП 6582, КП 6583, КП 6584, КП 6581, КО Градец;
- од север граничи со КП 6549, КП 6551, КП 6539, КП 6556, КП 6555, КП 6552, КП 6577, КП 6578, КП 5768, КП 5766, КО Градец, Општина Крива Паланка.

Планираниот опфат за изработка на проектната документација е дефиниран на графичките прилози кои се прикажани во прилог на проектната програма.

Локацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на Урбанистички план е од страна на приватен инвеститор, сопственик на земјиштето на проектниот опфат. Локацијата се наоѓа во простор каде не постои планска документација.

Проектната документација ќе се работи согласно член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

Во опфатот на планот влегува постоечки земјен пат за кој со допис бр. 29-3588/2 од 10.06.2025 од Општина Крива Паланка сме известени дека има Основен проект, кој е претходно изработен и не е одобрен, нема урбанистички дел и истиот не може да се земе во предвид, бидејќи е потребна нова техничка документација. Исто така во опфатот влегува и крак од постоечки земјан пат за пристап до парцели за чив опфат има одобрена иницијатива со број 29-5342/1 од 28.10.2024 година со забелешка дека Барателот на иницијативата има обезбедено Изјава- согласност со број узп12689/2024 за земјаниот пат од сопствениците на катастарските парцели каде поминува патот за непречен пристап до останатите катастарски парцели се додека не се донесе проектна документација за пат.

Со урбанистичкиот проект ќе се овозможи проектно решение со кое нема да се формира градежна парцела за сметка на врските со локалниот пат на јужната страна на опфатот, односно ќе се овозможи планско решение со кое ќе се овозможи пристап кон атар на селото / населеното место. **Дополнително, постојните правци на движење во внатрешноста на проектниот опфат, ќе се задржат и на никој начин нема да се планираат градби, оградување или било каква интервенција и попречувања кои ќе го спречат слободното движење на жителите низ постојниот пат.**

Се планира изработка на проект за инфраструктура за пристапен пат со што ќе се овозможи директен пристап до проектниот опфат на предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електани со капацитет над 1MW, за ГП 1 на КП 6579, КП 6585, КП 6550, КП 6587, КП 6601, дел од КП 6606, дел од КП 6634, дел од КП 6603 и КП 6586, КО Градец, Општина Крива Паланка. Со тоа сообраќаен пристап до локацијата ќе се обезбеди од јужната страна на планскиот опфат со поврзување кон локален пристапен пат на КП 10147/1, КО Градец, Општина Крива Паланка. За изработка на проект за инфраструктура за пристапен пат се води посебна постапка согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

Потребно ќе биде пред реализација на предметната документација да се одобри Урбанистички проект за инфраструктура за поврзување на Планскиот опфат до постоен локален пат или катастарски запишан пат.



При изготвување на проектното решение за градбите од урбанистичкиот проект задолжително ќе се почитуваат заштитните појаси и позитивните закони и правилници од релевантни области за постојните инфраструктури кои граничат со проектиот опфат од оваа проектна програма, односно магистралниот гасовод АМБО, постојните локални патишта, електроенергетски објекти и инфраструктури, како и евидентираното и регистрирано културно наследство.

При изработка на документацијата од пониско ниво ќе се утврди точната

локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
Воедно потребно е со планското решение да се води сметка да се обезбеди пристап до постојните столбови на електроенергетскиот надземен вод.

Планирана намена на земјиште во рамките на плански опфат

Предмет на планирање е површинска соларна и фотоволтаична електрана за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW со фотонапонски панели за производство на електрична енергија и кои согласно член 57 став 2 од Законот за градење („Службен весник на РМ“,бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 28/14, 42/14, 115/15, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 64/18 и „Службен весник на РСМ“,бр. 244/19, 18/20 и 279/20) се категоризираат како градби од прва категорија.

Планскиот опфат се наоѓа во КО Градец, Општина Крива Паланка и се наоѓа надвор од урбанистички документации, а со самото тоа нема дефинирано намена на земјиштето.

Согласно потребите на инвеститорот и согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) како и Правилникот за урбанистичкото планирање („Службен Весник на РСМ“, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26), урбанистичко проектната документација се предвидува да биде со класификација на намена:

Е – ИНФРАСТРУКТУРА
